2691/1
2692/1
2693/1
2694/1
2695/1
2696/1
2697/1
2698/1
2699/1
2700/1
2701/1
2702/1
2703/1
2704/1
2705/1
2706/1
2707/1
2708/1
2709/1
2710/1
2711/1
2712/1
2713/1
2714/1
2715/1
2716/1
2717/1
2718/1
2719/1
2720/1
2721/1
2722/1
2723/1
2724/1
2725/1
2726/1
2727/1
2728/1
2729/1
2730/1
2731/1
2732/1
2733/1
2734/1
2735/1
2736/1
2737/1
2738/1
2739/1
2740/1
2741/1
2742/1
2743/1
2744/1
2745/1
2746/1
2747/1
2748/1
2749/1
2750/1
2751/1
2752/1
2753/1
2754/1
2755/1
2756/1
2757/1
2758/1
2759/1
2760/1
2761/1
2762/1
2763/1
2764/1
2765/1
2766/1
2767/1
2768/1
2769/1
2770/1
2771/1
2772/1
2773/1
2774/1
2775/1
2776/1
2777/1
2778/1
2779/1
2780/1
2781/1
2782/1
2783/1
2784/1
2785/1
2786/1
2787/1
2788/1
2789/1
2790/1
2791/1
2792/1
2793/1
2794/1
2795/1
2796/1
2797/1
2798/1
2799/1
2800/1
2801/1
2802/1
2803/1
2804/1
2805/1
2806/1
2807/1
2808/1
2809/1
2810/1
2811/1
2812/1
2813/1
2814/1
2815/1
2816/1
2817/1
2818/1
2819/1
2820/1
2821/1
2822/1
2823/1
2824/1
2825/1
2826/1
2827/1
2828/1
2829/1
2830/1
2831/1
2832/1
2833/1
2834/1
2835/1
2836/1
2837/1
2838/1
2839/1
2840/1
2841/1
2842/1
2843/1
2844/1
2845/1
2846/1
2847/1
2848/1
2849/1
2850/1
2851/1
2852/1
2853/1
2854/1
2855/1
2856/1
2857/1
2858/1
2859/1
2860/1
2861/1
2862/1
2863/1
2864/1
2865/1
2866/1
2867/1
2868/1
2869/1
2870/1
2871/1
2872/1
2873/1
2874/1
2875/1
2876/1
2877/1
2878/1
2879/1
2880/1
2881/1
2882/1
2883/1
2884/1
2885/1
2886/1
2887/1
2888/1
2889/1
2890/1
2891/1
2892/1
2893/1
2894/1
2895/1
2896/1
2897/1
2898/1
2899/1
2900/1
2901/1
2902/1
2903/1
2904/1
2905/1
2906/1
2907/1
2908/1
2909/1
2910/1
2911/1
2912/1
2913/1
2914/1
2915/1
2916/1
2917/1
2918/1
2919/1
2920/1
2921/1
2922/1
2923/1
2924/1
2925/1
2926/1
2927/1
2928/1
2929/1
2930/1
2931/1
2932/1
2933/1
2934/1
2935/1
2936/1
2937/1
2938/1
2939/1
2940/1
2941/1
2942/1
2943/1
2944/1
2945/1
2946/1
2947/1
2948/1
2949/1
2950/1
2951/1
2952/1
2953/1
2954/1
2955/1
2956/1
2957/1
2958/1
2959/1
2960/1
2961/1
2962/1
2963/1
2964/1
2965/1
2966/1
2967/1
2968/1
2969/1
2970/1
2971/1
2972/1
2973/1
2974/1
2975/1
2976/1
2977/1
2978/1
2979/1
2980/1
2981/1
2982/1
2983/1
2984/1
2985/1
2986/1
2987/1
2988/1
2989/1
2990/1
2991/1
2992/1
2993/1
2994/1
2995/1
2996/1
2997/1
2998/1
2999/1
3000/1
3001/1
3002/1
3003/1
3004/1
3005/1
3006/1
3007/1
3008/1
3009/1
3010/1
3011/1
3012/1
3013/1
3014/1
3015/1
3016/1
3017/1
3018/1
3019/1
3020/1
3021/1
3022/1
3023/1
3024/1
3025/1
3026/1
3027/1
3028/1
3029/1
3030/1
3031/1
3032/1
3033/1
3034/1
3035/1
3036/1
3037/1
3038/1
3039/1
3040/1
3041/1
3042/1
3043/1
3044/1
3045/1
3046/1
3047/1
3048/1
3049/1
3050/1
3051/1
3052/1
3053/1
3054/1
3055/1
3056/1
3057/1
3058/1
3059/1
3060/1
3061/1
3062/1
3063/1
3064/1
3065/1
3066/1
3067/1
3068/1
3069/1
3070/1
3071/1
3072/1
3073/1
3074/1
3075/1
3076/1
3077/1
3078/1
3079/1
3080/1
3081/1
3082/1
3083/1
3084/1
3085/1
3086/1
3087/1
3088/1
3089/1
3090/1
3091/1
3092/1
3093/1
3094/1
3095/1
3096/1
3097/1
3098/1
3099/1
3100/1
3101/1
3102/1
3103/1
3104/1
3105/1
3106/1
3107/1
3108/1
3109/1
3110/1
3111/1
3112/1
3113/1
3114/1
3115/1
3116/1
3117/1
3118/1
3119/1
3120/1
3121/1
3122/1
3123/1
3124/1
3125/1
3126/1
3127/1
3128/1
3129/1
3130/1
3131/1
3132/1
3133/1
3134/1
3135/1
3136/1
3137/1
3138/1
3139/1
3140/1
3141/1
3142/1
3143/1
3144/1
3145/1
3146/1
3147/1
3148/1
3149/1
3150/1
3151/1
3152/1
3153/1
3154/1
3155/1
3156/1
3157/1
3158/1
3159/1
3160/1
3161/1
3162/1
3163/1
3164/1
3165/1
3166/1
3167/1
3168/1
3169/1
3170/1
3171/1
3172/1
3173/1
3174/1
3175/1
3176/1
3177/1
3178/1
3179/1
3180/1
3181/1
3182/1
3183/1
3184/1
3185/1
3186/1
3187/1
3188/1
3189/1
3190/1
3191/1
3192/1
3193/1
3194/1
3195/1
3196/1
3197/1
3198/1
3199/1
3200/1
3201/1
3202/1
3203/1
3204/1
3205/1
3206/1
3207/1
3208/1
3209/1
3210/1
3211/1
3212/1
3213/1
3214/1
3215/1
3216/1
3217/1
3218/1
3219/1
3220/1
3221/1
3222/1
3223/1
3224/1
3225/1
3226/1
3227/1
3228/1
3229/1
3230/1
3231/1
3232/1
3233/1
3234/1
3235/1
3236/1
3237/1
3238/1
3239/1
3240/1
3241/1
3242/1
3243/1
3244/1
3245/1
3246/1
3247/1
3248/1
3249/1
3250/1
3251/1
3252/1
3253/1
3254/1
3255/1
3256/1
3257/1
3258/1
3259/1
3260/1
3261/1
3262/1
3263/1
3264/1
3265/1
3266/1
3267/1
3268/1
3269/1
3270/1
3271/1
3272/1
3273/1
3274/1
3275/1
3276/1
3277/1
3278/1
3279/1
3280/1
3281/1
3282/1
3283/1
3284/1
3285

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Архитектонско-урбанистички проекти и/или Основни проекти, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

4.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Согласно информациите од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство (писмо бр. 17-2079/2 од 26.10.2022 година), констатирано е дека во границите на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

Исто така, побарано е и стручно мислење до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, бр. 03-107/10 од 27.12.2023год., добиен е одговор бр. 09-615/1 од 28.12.2023 год., во кој е наведено дека во границите на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Но доколку при реализација на проекти со градежни интервенции на предметниот опфат се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04....39/16).

4.2. Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со доминантна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени, Г – Производство и дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура, и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
- Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во селото.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило.

Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на ДУП-от е следна:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Уредба со законска сила за примена на Закон за заштита и спасување за време на вонредна состојба Сл. Весник бр. 82/20);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

4.3. Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржината во склоп на проектниот опфат, односно во градежната парцела, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води, како на фекалните така и на атмосферските.

4.4. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

4.5. Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со Измената и дополната на Деталниот урбанистички план се предвидува доминантно изградба на објекти со намена Б - Комерцијални и деловни намени, Г – Производство и дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура и се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

4.6. Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и 31/20), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со предметниот Детален урбанистички план се предвидува доминантно изградба на објекти со намена Б - Комерцијални и деловни намени, Г – Производство и дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура. Согласно тоа, депонирање на отпадот се предвидува да се регулира од надлежното комунално претпријатие.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со предметниот Детален урбанистички план потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

4.7. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, Уредба со законска сила за примена на Закон за заштита и спасување за време на вонредна состојба Сл. Весник на РМ бр. 82/20), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Со писмен допис бр.03-193/1 од 10.10.2019 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, но не е добиен одговор.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и

- асанација на теренот.

4.8. Урбанистичко-технички мерки

4.8.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.

Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

4.8.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачја, спроведување на евакуација на населението и

материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекувае на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, бр. 09-112/2 од 27.05.2022 година, при изработка на урбанистичката планска документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04 и 86/08) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната Противпожарна бригада Гевгелија. Пунктот на истата е лоциран на ул. 7-ми Ноември, односно оддалечен е од предметната локација на околу 1 километар. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 2 минути.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбата;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,

- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општината која го опслужува овој проектен опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

При изработката на предметниот Детален урбанистички план почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16, 152/19) или (Пречистен текст 168/17 и 152/19), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18 со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на основните проекти за градбите, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари за секој објект посебно, како и на целиот комплекс и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, бр. 09-112/2 од 27.05.2022 година, при изработка на Основни проекти за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

4.8.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

4.8.5 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на планскиот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Проектниот опфат се наоѓа во зона на случени земјотреси од 9º по Меркалиј- Канцани – Зиберг, и во склад со овие бројки да се предвиди отпорноста на објектите.

Проектното решение во Архитектонско – урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, бр. 09-112/2 од 27.05.2022 година, заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободнит површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

4.8.6 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, бр. 09-112/2 од 27.05.2022 година, при изработка на урбанистичката планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

4.8.7 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

На градежните парцели предмет на оваа Измена и дополна на Деталниот урбанистички план, заради намената на грабите нема можност од појава на технички несреќи.

Но, заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во евентуалните технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

4.8.8 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

4.9. Хуманитарни мерки

4.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

4.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

4.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спрове-дуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Гевгелија, бр. 09-112/2 од 27.05.2022 година, потребно е да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

4.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. За предметниот плански опфат кој припаѓа на реонот на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија, тој временски рок би изнесувал приближно 2-3 мин.

4.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од жи-вотинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

4.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на измената и дополна на Деталниот урбанистички план, односно за изготвување на Извод од Детален урбанистички план.
Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 како и Уредба со законска сила Сл. Весник на РМ бр. 89/20 и 116/20), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15).

5.1 Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.
5.2 Одобрение за градба ќе се издава врз основа на изработен Основен проект за градбите.
5.3 Со планот се одредени следните услови:
- облик и големина на градежна парцела (м²);
- градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
- површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
- процент на изграденост (%);
- вкупна изградена површина (м²);
- коефициент на искористеност (к);
- намена на објектот;
- максимална височина на венец (м’);
- максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот;
- максимален број на катови;
- тип на покрив;
- насоки за архитектонско обликување;
- паркирање - гаражирање на возилата и
- озеленетост на градежна парцела.

5.4 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (м²);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класи на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- површина за градење (м²);
- процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна изградена површина (м²);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- максимална дозволена височина на градење (м’) и
- максимален број на катови.

5.5 Планскиот опфат, кој е предмет на разработка на предметниот детален урбанистички план е дефиниран согласно посените услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште при спроведување на Генералниот Урбанистички план на град Гевгелија,

изработка на детални урбанистички планови може да се прави за цел или за делови од блоковите. Истиот има површина од 10,86ха и се движи по осовините на улиците:

- на југо-исток по осовина на магистрална улица „Булевар Гевгелија“,
- на северо-исток по осовина на собирна улица „Новопланирана 6“;
- на југо-запад по регулациона линија кон железничка пруга,
- на северо-запад по југо-источна граница на дел од Блок 11 (11.1)

5.6 Планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план е ограничен на дел од блок 11 (11.3), дефиниран согласно ГУП на град Гевгелија, Измени и дополнувања за плански период 2011-2021.

5.7 Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои ја обележуваат промената на носителот на правото на градење. Со предметниот Детален урбанистички план градежното земјиште во рамките предметниот плански опфат е парцелирано на вкупно 29 градежни парцели со вкупна површина од 81.839м^2 .

5.8 Во планскиот опфат на предметниот Детален урбанистички план, согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/1 6, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

- **Б - Комерцијални и деловни намени**
  Б2 – Големи трговски единици
- **Г – Производство, дистрибуција и сериси**
  Г3 – Сервиси
- **Д – Зеленило и рекреација**
  Д2 – Заштитно зеленило
- **Е– Инфраструктура**
  Е1 – Комунална инфраструктура
  Е2 - Комунална супраструктура – трафостаница / бензинска пумпа/ противпожарен дом

За основната класа на намени Б2 – Големи трговски единици се предвидуваат следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **А2 – Домување во станбени згради** до максимално 40%,
- **А3 – Групно домување** до максимално 40%,
- **Б5 – Хотелски комплекси** до максимално 40%,
- **Б3 – Големи угостителски единици** до максимално 40%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 40%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 40%,
- **В3 – Култура** до максимално 40%,
- **В4 – Државни институции** до максимално 40%.

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 40%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За основната класа на намени Г3 – Сервиси се предвидуваат следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 10%,
- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%,
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%,
- **Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија** до максимално 49%,
- **Г4 – Стоваришта** до максимално 49%,

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За основните класи на намени Д2 – Заштитно зеленило и Е2 - Комунална супраструктура (трафостаници/бензинска пумпа/ противпожарен дом) не се предвидени компатибилни класи на намени на основната класа на намена.

5.9 Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот.

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА:

Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ

Б3 ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ

Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Г3 СЕРВИСИ

Г4 СТОВАРИШТА

Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

ТРОТОАРИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

КОЛОВОЗ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ОСОВИНА НА УЛИЧНА МРЕЖА

ПОВРШИНА ПОД УЛИЧНА МРЕЖА

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА АВТОПАТ

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА

РЕКА - ВОДОТЕК (РЕГУЛИРАНО КОРИТО)

ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕКА

Наслов на планот:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 12, КО ГЕВГЕЛИЈА

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Нарачател:

Донесувач на планот:
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Правно лице - носител на изработка на планот: Лиценца бр.0002

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
SPATIAL PLANNING AGENCY

ПЛОШТАД МАКЕДОНИЈА бр. 2, 4 кат, 1000 - СКОПЈЕ тел/факс: +389(0)2 3227-244

Одговорно лице - Директор:
м-р Андријана Андреева, дипл.инж.арх.

Раководител на Сектор за урбанистичко планирање:
м-р Јулијана Ставревски, дипл.инж.арх.

Раководител на ДУП:
Ана Луки Коробар, дипл.инж.арх.
овластувања бр. 0.0432

Планери:
Виолина Темелковска, дипл.инж.арх.
Иван Арсовски, дипл.инж.арх.
Боро Петковски, дипл.инж.арх.
Томе Стојанов, м-р.инж.арх.

Планери соработници:
Елена Стојкова, м-р.инж.арх.

Наслов на графичкиот прилог:

ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ

Фаза:
КОНЕЧЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

Датум:	Технички број:	Размер:	Број на графичкиот прилог:
11.2024	C0519	1:1000	08

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

54.

Спомeничките целини - археолошки локалитет „Вардарски Рид“ и арх. локалитет „Сува Река“ подлежат под режим за заштита од прв степен, а нивната контактна зона е со режим за заштита од трет степен. Во однос на Зоните на заштита на заштитеното подрачје, спомeничките целини се зона со строга заштита, а нивната контактна зона претставува зона на ограничена, односно гарантирана заштита. Од аспект на Степенот на режим на заштита на заштитеното подрачје, за спомeничките целини – археолошки локалитети „Вардарски Рид“ и „Сува Река“, се предлага прв степен на заштита, а за нивната контактна зона трет степен на заштита. Исто така и заштитеното добро – објект на Железничка станица Гевгелија подлежи под режим за заштита од втор степен, а контактната зона е со режим за заштита од трет степен. Во однос на Зоните на заштита на заштитените добра, спомeничките целини и нивната контактна зона претставуваат зона на ограничена, односно гарантирана заштита. Од аспект на Степенот на заштита на заштитено добро, за Железничката станица Гевгелија, како заштитено добро се предлага втор степен на заштита, а за контактната зона, трет степен на заштита.

Согласно горенаведеното и согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18) **за градежните парцели кои се наоѓаат во контактната зона на археолошките локалитети „Вардарски Рид“ и „Сува Река“, и заштитениот објект „Железничка станица“, обврзно да се почитуваат посебните услови пропишани во Заштитно конзерваторските основи за културно наследство** за подрачјето на опфат на ДУП за централно градско подрачје (урбан блок 12) на Град Гевгелија **(бр. 09-458/2 од 23.09.2019)** и дополната на **Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (бр. 09-63/1 од 03.02.2023г.)** изработени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица (кои се составен дел од оваа планска документација и се дадени во целост како прилог на овој ДУП).

Табела, Категоризација според ЗКО

Назив	Адреса	Број на решение	Дата на донесување	Категорија според загрозеност	Категорија според значење
Железничка станица	Ул. Борис Кидрич, бр.2	Реш. бр. 08-1529	04.11.2004 год.	Изградено културно наследство	Значајно културно наследство
Археолошки локалитет Вардаски рид		Реш. бр. 08-1455	28.10.2002 год.	Неизградено културно наследство	Културно наследство од особено значење
Археолошки локалитет Сува Река		Реш. бр. 06-1442/1	8.07.1976 год.	Неизградено културно наследство	Културно наследство од особено значење

Извор - ЗКО за културно наследство за подрачјето на опфат на ДУП за централно градско подрачје (урбан блок 12) на Град Гевгелија, прилог вграден во вкупната докуменација на овој план.

заштита на животните и производите од животинскоо потекло од дејствaт на природните непогоди и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со свои единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасувањето на растенија и производи од растително потекло согласно член 90 од Законот за заштита и спасување опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевеки, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативни мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со свои единици и тимови.

Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите и асанација на објектите за водоснабдување.

Планирањето на асанација на теренот опфаќа процена на загрозеност и повредливост на територијата, утврдување на потребна организација за спроведување на асанација на теренот и пропишување на стандардна оперативна процедура за спроведување на асанација на теренот. Потребната организација за спроведување на асанација на теренот се утврдува согласно плановите за заштита и спасување.

Активностите и постапките учесниците во организираното спроведување на заштитата и спасувањето ги преземаат согласно стандардните оперативни процедури донесени од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

Доколку дојде до потреба за асанација на теренот планскиот концепт е предвиден така да овозможи:

- Брз пристап на екипите за спасување и асанација на теренот
- Непречена интервенција
- Штетите да се сведат на минимум
- Брза санација на последиците

Мерката се спроведува со Уредбата за спроведување на мерката асанација на теренот (Службен весник на РМ бр.101/10).

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот за нивната заштита.

Согласно Дописот до Министерството за култура - Управата за заштита на културно наследство (допис бр. 17-2384/2 од 21.06.2019г.) како и согласно Заштитно конзерваторските основи за културно наследство (бр. 09-458/2 од 23.09.2019) и дополната за Заштитно конзерваторските основи за културно наследство за ДУП за Блок 12, КО Гевгелија (бр. 09-63/1 од 03.02.2023г.) изработени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, во Блокот 12, предмет на изработка на овој ДУП, евидентирана е една споменичка целина, една градба од културно-

историско значење како и еден дел од споменичка целина на археолошки локалитет.

Во рамки на планскиот опфат на предметниот ДУП, во североисточниот дел на Блокот 12 (дел 12.5) од ГУП Гевгелија, се наоѓа **Археолошкиот локалитет „Вардарски Рид“** (Решение број 08-1455 од 28.10.2002г.) - повеќеслојна населба и некропола од неолитско до римско време, ***културно наследство од особено значење – големо значење***. Вардарски Рид е еден од ретките локалитети во Републиката кадешто се евидентирани значајни архитектонски и археолошки остатоци. Овој локалитет засега претставува најзначајна и најистражена праисториска и античка населба во РСМ. Оваа споменичка целина и нејзина контактна зона се заштитено подрачје порадишто претставува **добро од јавен интерес** за Републиката и ужива посебна заштита според член 28 од Законот за заштита на културно наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Непосредно до јужната граница од планскиот опфат се наоѓа **Археолошкиот локалитет „Сува Река“** (Решение број 06-1442/1 од 08.07.1976 година) – некропола од железно време кој има својство ***споменик на културата*** и претставува една од најголемите некрополи во Европа од постарото железно време. Таа се простира на многу широк простор и ја покрива јужната периферија на Гевгелија како и дел од Гевгелиското Поле во правец на македонско-грчката граница, а северниот дел од границата на заштитеното добро навлегува во рамките на планскиот опфат на предметниот ДУП за Блок 12, Гевгелија.

Согласно Заштитно конзерваторските основи за културно наследство за Детален урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија, **за споменичките целини, археолошки локалитети „Вардарски Рид“ и „Сува Река“, се одредува заштитен режим од прв степен**, кој подразбира:

- Во рамките на целиот локалитет се забранува : секаков вид на изградба на просторни и катни објекти (од траен и привремен карактер). Подлабока обработка на земја од 25-30cm, трасирање на нови патишта, водоводни, кализациони, мелиоративни системи, поставување на нови надземни и подземни електрични кабли, репетитори (предаватели) за мобилна телефонија, телефонски подземни и надземни кабли, изградба на нови паркиралишта, изградба на планирана метереолошка станица, телевизиски предаватели, подигање на висока и ниска шумска вегетација, користење на површините на локалитетот за подигање на депонии, поставување на нови спомен обележја, организирање на мото и авто трки на делови од локалитетот, копање на артериски бунари посебно за К.П. бр.287, сопственост на Р.М. патишта, секакво проширување и реконструкција на постојниот пат, К.П. бр.307 корисник У.П. Кожуф (мотел- Вардар) ,проширување на угостителскиот објект, терасите и постојните паркинзи, повторно ставање во функција и реконструкција на постоечкиот авто камп, на К.П.бр. 258/2, 252/1, 255/1, 285, 288/1, 288/4, строго се забранува подигање и обновување на лозови, повеќегодишни овошни дрва, садење на листопадна и зимзелена шума и други дејствија, со кои би се нарушил интегритетот на споменикот.

- Во рамките на овој заштитен режим се подразбира превземање само на дејствија во функција за одржување и обезбедување на отворени простори на локалитетот, се до конечно археолошко истражување,ископување и презентација на локалитетот.

Споменичките целини - археолошки локалитети „Вардарски Рид“ и „Сува Река“ подлежат под режим за заштита од прв степен, а нивната контактна зона е со режим за заштита од трет степен. Во однос на Зоните на заштита на заштитените подрачја, споменичка целина е зона со строга заштита, а нејзината контактна зона претставува зона на ограничена, односно гарантирана заштита. Од аспект на Степенот на режим на заштита на заштитеното подрачје, за споменичките целини – Археолошки локалитети „Вардарски Рид“ и „Сува Река“, се предлага прв степен на заштита, а за контактната зона трет степен на заштита. („Заштитно конзерваторски основи за културно наследство за Детален урбанистички план за Блок 12“ КО Гевгелија, општина Гевгелија)

Во источниот дел од предметната локација се наоѓа објект кој претставува ***значајно културно наследство*** - **Железничката станица Гевгелија** (Решение за утврдување својство споменик на културата бр. 08-1529 од 04.11.2004год). Железничката станица претставува јавен репрезентативен објект карактеристичен за периодот меѓу двете светски војни, подигнат во 1932 година на местото на постариот турски објект на станицата која што пак бил подигнат во последните децении од XIX век. Објектот на Железничката станица е сеуште во функција и е актуелен предмет на конзерваторско-реставраторски интервенции, со цел да се зачува и врати оригиналноста на објектот од годините на неговата изградба. Пред објектот на Железничката станица има поставено две спомен бисти. **Заштитеното добро – објект на Железничка станица Гевгелија подлежи под режим за заштита од втор степен, а контактната зона е со режим за заштита од трет степен. Во однос на Зоните на заштита на заштитените добра, заштитеното добро и неговата контактна зона претставува зона на ограничена, односно гарантирана заштита. Од аспект на Степенот на заштита на заштитено добро, за Железничката станица Гевгелија, како заштитено добро се предлага втор степен на заштита, а за контактната зона, трет степен на заштита. Согласно ЗКО за културно наследство за Детален урбанистички план Урбан Блок 12, КО Гевгелија – Општина Гевгелија,** предложениот режим на заштита од **Втор степен** подразбира:

• на локацијата на објектот се забранува изградба на нови објекти.
• во непосредна близина на објектот не се дозволува засадување на високо стеблеста вегетација која може да предизвика оштетувања на темелните партии.
• интервенциите да се изведуваат врз основа на проектна документација, изготвена според пропишаните услови со кои:
- се задржува постојниот габарит, катност, изгледот и обработката на фасадите, кровниот венец, кровот и кровниот покривач.
• проектната документација подлежи на стручна контрола од надлежните НУ Музеј Гевгелија и НУ Завод и Музеј- Струмица.
• За контактната зона се утврдува и применува **режим на заштита од *трет степен*,** односно задржување на постојната состојба на локацијата околу објектот-железничка станица, како празна локација ,без објекти кои би го загрозиле интегритетот на објектот, неговиот пристап и непречени комуникации, кои се битен елемент за овој тип на јавни објекти.

Напомена: Во комплетната документација, прилог на овој ДУП, приложени се и други мерки, забрани, пропозиции, превентивни и корективни мерки пропишани со Заштитно конзерваторските основи за културно наследство за Детален урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија.

Табела 2: Категоризација од ЗКО

Назив	Адреса	Број на решение	Дата на донесување	Категорија според загрозеност	Категорија според значење
Железничка станица	Ул. Борис Кидрич, бр.2	Реш. бр. 08-1529	04.11.2004 год.	Изградено културно наследство	Значајно културно наследство
Археолошки локалитет Вардаски рид		Реш. бр. 08-1455	28.10.2002 год.	Неизградено културно наследство	Културно наследство од особено значење
Археолошки локалитет Сува Река		Реш. бр. 06-1442/1	8.07.1976 год.	Неизградено културно наследство	Културно наследство од особено значење

Изворот (ЗКО за културно наследство за подрачјето на опфат на ДУП за централно градско подрачје (урбан блок 12) на Град Гевгелија како прилог е вграден во вкупната докуменација на овој план.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи **во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство** (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Во таа смисла, изведувачот е должен:

1. Да го пријави откритието според член 129 став 2 од Законот
2. Да ги запре градежните работни активности и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени

Според член 129, доколку откриените предмети се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата според член 66 на овој Закон, а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Заштитно конзерваторските основи за културно наследство за блок 12, КО Гевгелија (**Решение бр. 09-63/1 од 3.02.2023г.**), изработени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, се составен дел од оваа планска документација и се дадени во целост како прилог на овој ДУП.

9. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Со општите и посебните услови за градење се утврдува начинот на изработка на проектната документација и реализацијата на планската документација за предметниот плански опфат, во кој со овој ДУП за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија, се предвидуваат **118 (сто и осумнаесет) градежни парцели**.

Со ДУП на градежните парцели се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површина за градење на една градба (или повеќе градби со Урбанистичко-проектна документација), согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, пропишан преку стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Со овој ДУП се утврдени регулациски линии, градежни парцели, градежни линии, површини за градба, утврден е максимален дозволен процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето, со што се оформува понатамошна основа за изработка на урбанистичко-проектна документација, **односно Урбанистички проект (УП) согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24)** и/или Основен проект, согласно важечката законска регулатива. Спроведувањето на планот ќе биде согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 199/14, 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24).

Сите урбанистичко-проекни документации зададени со овој план ќе се изработуваат во форма на Урбанистички проекти (УП) согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24).

За комуналната инфраструктура во рамки на планскиот опфат, согласно потребите на овој ДУП, да се изработат **Проекти за инфраструктура** согласно важечката законска регулатива.

9.1. Општи услови за изградба

Основа за изработка на Општите услови за изградба се Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ бр. 142/15), како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистички план, односно за изготвување на извод од Деталниот урбанистички план.

Утврдените градежни парцели во рамки на планскиот опфат на ДУП да се разработуваат со урбанистичко-проектна документација и/или Основен проект. Сите урбанистичко-проекни документации зададени со овој план ќе се изработуваат во форма на Урбанистички проекти (УП) согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24).

За комуналната инфраструктура во рамки на планскиот опфат, согласно потребите на овој ДУП, да се изработат Проекти за инфраструктура согласно важечката законска регулатива.

9.1.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 6, 7 и 8 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Границата на планскиот опфат треба да биде:

- затворена, рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина;
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Површината на планскиот опфат за **ДУП за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија** изнесува **П=115,282ha (1152828,29m^2)** и лежи на територија која како крајни точки ги има следните координати:

ПОВРШИНА: 1152828.29m^2; ПЕРИМЕТАР: 5112.87m

р.бр	X	Y
1.	7628368.5801	4556985.8400
2.	7628354.7146	4557095.8790
3.	7628378.8127	4557250.1469
4.	7628371.4019	4557282.2559
5.	7628256.3293	4557393.0416
6.	7628122.8202	4557444.7943
7.	7628076.1658	4557479.9955
8.	7628027.5789	4557577.8999
9.	7627979.6023	4557560.3866
10	7627954.1182	4557546.5224
11	7627928.3600	4557528.5415
12	7627908.8186	4557550.3401

13	7627821.2599	4557696.5123	
14	7627791.5726	4557723.1060	најсеверна
15	7627734.5660	4557577.5520	
16	7627698.7073	4557484.3725	
17	7627670.7166	4557414.2170	
18	7627643.1409	4557347.7669	
19	7627634.3519	4557333.0429	
20	7627621.1980	4557318.4300	

Лак 1:
испапченост: - 0.1407
центар: X=7627345.24 Y=4557532.30
радиус: 349.1311
почетен агол: 322; завршен агол: 290

21	7627465.7866	4557204.6430	
22	7627217.3612	4557126.5863	најзападна
23	7627250.8710	4557015.6450	
24	7627297.7375	4556867.3546	
25	7627309.8605	4556828.3898	
26	7627368.8707	4556637.4643	
27	7627530.4532	4556145.3349	
28	7627552.0786	4556078.9766	најјужна
29	7627600.9714	4556129.2896	
30	7627600.1445	4556131.9907	
31	7627674.7287	4556213.1470	
32	7627755.6611	4556270.9271	
33	7628099.6237	4556468.2717	
34	7628198.6451	4556521.6981	
35	7628364.2454	4556559.6800	
36	7628506.7657	4556567.1046	
37	7628658.4855	4556551.2898	
38	7628773.9797	4556539.6394	најисточна
39	7628582.0207	4556648.8663	
40	7628495.3205	4556746.6370	
41	7628420.0313	4556878.2044	

Нај	X	Y
Северна	7627791.5726	4557723.1060
Источна	7628773.9797	4556539.6394
Јужна	7627552.0786	4556078.9766
Западна	7627217.3612	4557126.5863

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 41 и еден лак, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

9.1.2. Регулациска линија

Регулациска линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена.

Во рамки на регулациска линија, површината на парцелираното градежно земјиште изнесува вкупно **581.885 m²**, распоредена на следните намени:

- Б1 - Комерцијални и деловни намени – 37.860 m²;
- Б2 – Големи трговски единици – 16.088 m²;
- Б3 – Големи угостителски единици – 3.559 m²;
- Б5 – Хотелски комплекси – 44.278 m²;
- Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија – 302.254 m²;
- Г3 – Сервиси – 41.784 m²;
- Г4 – Стоваришта – 21.836 m²;
- Е2 – Комунална супраструктура – 114.226 m².

Дополнително е предвидена површина со намена Д1 - парковско зеленило како непарцелирано земјиште односно земјиште за јавна употреба (вон регулациска линија), со површина од 2.874 m² и Д2–заштитно зеленило со површина од 264.618 m².

Во графичкиот дел, регулациската линија е означена со зелена линија и соодветна ознака.

9.1.3. Градежна парцела

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

На ниво на планскиот опфат се формирани **118** (сто и осумнаесет) **градежни парцели** од кои шеснаесет (16) се со намена - Комерцијални и деловни намени (Б1), четири (4) градежни парцели со намена - Големи трговски единици (Б2), една (1) со намена - Големи угостителски единици (Б3), четири (4) со намена – Хотелски комплекси (Б5), триесет и две (32) со намена – Лесна и незагадувачка индустрија (Г2), шест (6) градежни парцели со намена – Сервиси (Г3), пет (5) со намена – Стоваришта (Г4) и педесет (50) градежни парцели со намена - Комунална супраструктура (Е2).

Во графичкиот дел, границата на градежна линија е означена со зелена линија и соодветна ознака.

9.1.4. Површина за градење

Во рамки на градежните парцели утврдени се градежни површини со градежни линии со коишто е дефинирана максимална површина за градење на една градба, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето.

Согласно планскиот концепт за ДУП за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија, при изработка на проектната документација за градежните парцели, дозволени се пречекорувања на градбите од градежната линија, согласно Член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во графичкиот дел, градежната линија е означена со црна линија и соодветна ознака.

9.1.5. Намена на земјиштето

Со Деталниот урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија се предвидуваат следните предвидени се сто и осумнаесет (118) градежни парцели. Во секоја од нив, поединечно предвидена е една наменска употреба на земјиштето.

Наменската употреба на земјиштето е дефинирана согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) како и

според условите дадени во изводот од **ГУП на Град Гевгелија** (2011-2021г.), одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012год.

Со овој ДУП се предвидуваат следните намени на земјиштето:

- Група на класа на намена – **Б (Комерцијални и деловни намени)**
  - Основна класа на намена – **Б1** (Мали комерцијални и деловни намени)
  - Основна класа на намена – **Б2** (Големи трговски единици)
  - Основна класа на намена – **Б3** (Големи угостителски единици)
  - Основна класа на намена – **Б5** (Хотелски комплекси)
- Група на класа на намена – **Г (Производство, дистрибуција и сервиси)**
  - Основна класа на намена – **Г2** (Лесна и незагадувачка индустрија)
  - Основна класа на намена – **Г3** (Сервиси)
  - Основна класа на намена – **Г4** (Стоваришта)
- Група на класа на намена – **Д (Зеленило и рекреација)**
  - Основна класа на намена – **Д1** (Парковско зеленило)
  - Основна класа на намена – **Д2** (Заштитно зеленило)
- Група на класа на намена – **Е (Инфраструктура)**
  - Основна класа на намена – **Е1** (Комунална инфраструктура)
  - Основна класа на намена – **Е2** (Комунална супраструктура)

Компатибилни класи на намени:

Процентот на компатибилните класи на намена е зададен за секоја градежна парцела посебно во табеларен приказ во делот „Посебни услови за изградба на градежните парцели и нумерички показатели“ и во графичките прилози соодветно.

9.1.6. Максимална висина на градбите и вкупни етажни површини за градење

Висината на градбите е условена од потребата за простор, неговата намена и од технолошкиот процес во производството.

Главни цели при планирањето на висината на градбите со овој ДУП Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија, се:

- Јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето
- Квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж сообраќајната мрежа
- Проветрување – аерација
- Вредноста на земјиштето и вредноста на околните градби
- Правото на осончување на градбите во зимскиот период најмалку еден час
- Стратегијата за одржлив развој (Агенда 21) од ОН

Висината на градбите е зададена за секоја градежна парцела соодветно во табеларен приказ во делот „Посебни услови за изградба на градежните парцели и нумерички показатели“ и во графичките прилози.

За сите градежни парцели, максималната височина на нултата плоча се определува како висинска кота на средната точка на оската на градежната парцела, а дефинирана согласно Став 4, Член 45 од Правилникот за стандарди и нормативи за урабнистичко планирање (Службен весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

- Височината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намената на градбата и конфигурацијата на теренот и истата ќе се утврди со Урбанистичко-проектна документација согласно важечка законска регулатива.

- За градби за коишто ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да надминува 35^0.

9.1.7. Процент на изграденост на земјиштето

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во случајот оваа величина се движи **од 18% до 70%**, во зависност од класата на намена и типот на градбата.

Во табелата за нумерички показатели, која е составен дел на оваа планска документација за секоја градежна парцела соодветно е прикажан процентот на изграденост (%).

9.1.8. Коефициент на искористеност на земјиштето

Коефициентот на искористеност (к) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Истиот во планскиот опфат изнесува **од к=0.18 до к=2.60**, во зависност од класата на намена и типот на градбата. Во табелата за нумерички показатели, која е составен дел на оваа планска документација за секоја градежна парцела соодветно е прикажан коефициентот на искористеност (к).

9.1.9. Паркирање

Паркирањето на моторните возила се предвидува да се решава посебно за секоја планирана градежна парцела во следна фаза на планирање – проектирање со Урбанистички проекти, а во сè според нормативите дадени во точка 10 од член 54 до член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

9.1.10. Услови за движење на лица со инвалидитет

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Согласно став (1) од член 76 од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, површините за движење на пешаците кои ќе се планираат и разработуваат во понатамошната планско-проектна документација и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8.33%.

Согласно став (1) од член 77 од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, при планирањето на елементите на уличната мрежа во понатамошната планско-проектна документација, да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Согласно член 78 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, постојаната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лица со инвалидитет со колички.

9.1.11. Зеленило

Во делот Зеленило се испланирани основна класа намена **Д1 (Парковско зеленило)** и **Д2 (Заштитно зеленило)** како зелени површини од отворен тип, како што

се археолошкиот локалитет „Вардарски Рид“ и шеталиштето по текот на Сува Река, во јужниот дел на предметната локација. Заштитното зеленило е испланирано и како заштитен појас по должина на главните сообраќајници и помеѓу градежните парцели со различна намена на земјиштето.

Согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр. 11/18) за сите градежни парцели треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило.

9.1.12. Мерки за заштита

Мерки за заштита на животната средина и природата

При изработка на проектите за инфраструктура, како и при изготвувањето на идејните и основните проекти за градбите и проектите за градбите на инфраструктура и самата инфраструктура, како и при самата градба да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

  Заради заштита на медиумите и областите во животната средина во услови на настаната штета загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба, како пред оштетувањето.
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, број 100/12-пречистен текст, број 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија, број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, број 09/11 - пречистен текст и број 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16).
- Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16) и други законски и подзаконски акти.

Мерки за заштита и спасување

Обврзно треба да се почитуваат, разработуваат детално и да се вградат мерките за заштита и спасување при изготвување на Проектната документација, при изготвување на проектите за инфраструктура, како и при изготвувањето на идејните и основните проекти за градбите и проектите за градбите на инфраструктура и самата инфраструктура, како и при самата градба, согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16), Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16) како и сите Уредби кои произлегуваат од нив.

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Осветлувањето на сообраќајниците да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9^0 по МКС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Со оглед на намените на градбите, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

При уредувањето на градежните парцели, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализацијата на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

9.1.13. Изградба на градбите

При изградбата на идните градби се пропишува следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата

Површините за градење се во корелација со градежните линии и ќе се утврдат со идејните решенија на градбите и основните проекти во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) на земјиштето и Проценти на изграденост (Р) на земјиштето согласно овие Услови за градење.

При изработка на идејните и основните проекти на градбите, Проектите за инфраструктура, како и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, обврзно е да се почитуваат прописите за градење и современите технички стандарди за ваков тип на градби.

При изработка на урбанистичките проекти за градежните парцели со намена Г2, Г3 и Г4, со цел задоволување на потребите на правните лица, паркирањето на потребниот број на товарни возила според видот на производниот процес да се предвиди во рамките на градежната парцела.

9.1.14. Изградба на комунална инфраструктура

Отпадните води во рамките на планскиот опфат се предвидува да се одведуваат преку сепараciска канализациска мрежа – фекална и атмосферска, до постојната пречистителна станица јужно од планскиот опфат, пред да бидат испуштени во реципиентот - реката Вардар. Доколку во границата на планскиот опфат има стопански капацитет кој од технолошкиот процес испушта отпадни води кои може да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа или на пречистителната станица, мора да се изврши соодветен предтретман на отпадната вода пред да се испушти во мрежата.

Доколку за поедини градежни парцели со намена Г (Г2,Г3,Г4) во рамки на планскиот опфат се утврди потреба од поголема капацитативност за прифаќање и пречистување на отпадните води поради надминување на капацитетот на постојната пречистителна станица, да се изработат Проекти за инфраструктура за водови во рамки на инфраструктурните коридори во граница на планскиот опфат.

9.2. Посебни услови за изградба

- Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на планираните градежни парцели и се дадени табеларно како прилог на планскиот документ. Посебните услови претставуваат основа за изработка на идејни и основни проекти за градбите и инфраструктурата во рамки на планираните градежни парцели.

- Посебните услови за градење се основа за изработка на Урбанистичко-проектна документација, односно Урбанистички проект (УП) согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24) и/или Основни проекти на градбите, Проекти за инфраструктура, како и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура) и друга проектна документација од пониско ниво.

- Изработувачот и Нарачателот на Урбанистичко-проектна документација или основни проекти на градбите се обврзуваат за предвидените планските опфати да ги обезбедат сите потребни податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти, кои ќе бидат вградени во проектната документација.

- Согласно инвестициските барања, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), определни се компатибилни класи на намена на основната класа на намена.

- При изработка на Проектите за инфраструктура, идејните и основните проекти на градбите, како и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, обврзно да се почитуваат современите технички стандарди за изградба на ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина и природата, за заштита и спасување, прописите за заштита на културното наследство и други прописи засегнати со намената и да се почитуваат општите и посебните услови за градење.

- Изработувачот и Нарачателот на Проектите за инфраструктура се обврзува за предвидената инфраструктура и супраструктура да ги обезбеди сите потребни податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти, кои ќе бидат вградени во Проектите за инфраструктура.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/7-521 од 29.08.2025
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис 29.08.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба на СН10(20) kV кабловски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 до кабелска спојница во КО Гевгелија,КО Мрзенци Општина Гевгелија, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго:

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.
НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Nikoloski Dragan Digitally signed by Nikoloski Dragan Date: 2025.09.03 12:04:23 +02'00'

КО Мрзенци

КО Гевгелија

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЕВН :

ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД

ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД

ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД

ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД

ЕВН КОРИДОРИ

големина :	420/297
размер :	1:2000

КО Мрзенци

КО Гевгелија

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЕВН :

ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЕВН КОРИДОРИ

големина :	420/297
размер :	1:2000

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 74508
Дата: 01.09.2025

До
Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија
ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп - подружница Скопје
Ул. АНКАРСКА 23, стан 2, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка проектниот опфат на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба на СН10(20) kV кабловски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 до кабелска спојница во КО Гевгелија,КО Мрзенци Општина Гевгелија, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ


КО Мрзенци
КО Гевгелија
ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ТЕЛЕКОМ :
ПОСТОЕЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ-ТЕЛЕКОМ
големина : 420/297
размер : 1:2000

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ТЕЛЕКОМ :

ПОСТОЕЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ-ТЕЛЕКОМ

големина :	420/297
размер :	1:2000

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: Студио Џон и Џони (ул. Анкарска 23-2, Скопје)

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-3248/2
10.09 2025 год./viti
Скопје/Shkup

Предмет: Одговор на барање
Врска: Наш Арх. бр. 11-3248 од 02.09.2025

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ

Почитувани,
Во врска со Барањето за податоци и информации од ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје за потребите за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба на СН10(20) kV кабловски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 до кабелска спојница во КО Гевгелија,КО Мрзенци Општина Гевгелија

- Согласно добиените податоци од ЈКП Комуналец (Арх.бр.08-1351/2 од 26.09.25 год.)има водоводна мрежа и канализациона инсталација.
- Согласно добиените податоци од НОМАГАС (Арх.бр.08-3855/2 од 01.09.25 год.) при што утврдено на предметното подрачје дека на наведениот предметен опфат нема постојни инсалации и објекти на градскиот гасовод.

3.ОПИС И ОРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ,ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

Новопланираната подземна кабелска траса се наоѓа во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија**.**
Просторот е дефиниран од почетна точка на СН водот и тоа кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци,Општина Гевгелија.

Трасата на подземниот кабловски вод започнува на југ со поврзување со кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија од планиран подземен кабелски вод согласно ДУП за блок 12 КО Гевгелија Пл.период 2019-2024 год.) Одлука бр.09-1451/1 од 25.11.2024 год на КП 2225 КО Гевгелија .
Трасата се движи од десната страна покрај улица ,,Борис Кидрич ’’ прави премин под неа и продолжува надолжно покрај железничката пруга низ КП 2157/1, КП 48, КП 47, КП 49/1, и прави премин под железничката пруга Велес -Гевгелија..
Трасата завршува со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод КП 1/1 КО Мрзенци согласно ГУП на град Гевгелија Измена и дополна за Пл.период 2011-2021 год, Одлука 07-1436/1 од 16.07.2012 год.

Проектниот опфат се наоѓа во :

- КП 2225, КП 2477/5, КП 2128/1, КП 2157/1 во КО Гевгелија,Општина Гевгелија
- КП 48,КП 47, КП 49/1, КП 53/1, КП 1/1 КО Мрзенци ,Општина Гевгелија**.**

Техничкото решение предвидува кабелскиот вод да се изведе според важечките прописи, нормативи и стандарди, како и препораките на ЕВН – Македонија – Скопје.

- Должината на кабелската траса изнесува 810 м' .
- Широчина на проектниот опфат во делот каде се полага кабелскиот вод изнесува 1,00 м^{1}. (0,4 м за ископ и 0,6 м за одлагање на земја).
- Површината на проектен опфат изнесува 810.4 м².

Предвидено е да се изгради Новопланиран кабелски вод составен од систем на три едножилни кабли тип NA2XS(F)2Y 3x(1x400 mm2), кој ќе се движи во најголем дел од трасата по земјени површини а во дел и по асфалтирани улици .

Урбанистичкиот проектот за инфраструктура : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци , во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија, се изработува на издадени:

- Извод: ГУП на град Гевгелија Измена и дополна за Пл.период 2011-2021 год, Одлука 07-1436/1 од 16.07.2012 год.
- ДУП за блок 11(дел 11.3) Плански период 2019-2024 Одлука 09-286/1 од 17.02.2024 год.
- ДУП за блок 10(10.1, 10.3,10.4 и 10.5) Плански период 2012-2017 год.Одлука бр.07-1667/1 од 12 и 13 .09.2013 год
- ДУП за блок 12 КО Гевгелија Пл.период 2019-2024 год.) Одлука бр.09-1451/1 од 25.11.2024 год
- УП проект со план за парцелација формирање на нови градежни парцели ГП 6.2.1,ГП 6.2.2,ГП 6.2.3,ГП 6.2.4 од ДУП за Блок 6 (6.1и 6.2)КО Мрзенци,Општина Гевгелија Потврда бр.11-18/1 од 09.01.2024 год.
- како и податоците од комуналните претпријатија за комуналната инфраструктура.

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението, покрај смерниците од извод од план, создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација, се и планската програма, постојната состојба и увидот на лице место.
Целта на **Урбанистичкиот проектот за инфраструктура** : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци , во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија е развојот на електроенергетските системи што претставува значајна детерминанта на идниот општествено – економски развој.
Преносот на електрична енергија преку инфраструктурни кабелски мрежи има значајно влијание и придонес во квалитетното обавување на секоја производна и услужна дејност. Преку дисперзија на мрежата и технологијата на електроенергетскиот систем, се обезбедува достапност на неопходните количини на електричната енергија до секој деловен субјект и индивидуален потрошувач.

Во рамките на проектниот опфат за кој се изработува Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци , во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија, просторот е ангажиран за:

- **Е1 – Сообраќајни инфраструктури ,**
  - **Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија /**Високо и средно напонски електрични водови /

Бидејќи се работи за специфична класа **Е1 Сообраќајни инфраструктури , Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија/** Високо и среднонапонски електрични водови/ кој сам по себе не ангажира други видови на комунална инфраструктура не се третирани проектни решенија за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура освен постојните кои се третирани во во графичките прилози „Урбанистичко решение “.

Нумерички показатели

намена на површини	намена	површина на опфат	процент
-	шифра	м2	%
Е1.8 -Водови за пренос на електрична енергија	Е1.8	810.4	100%

Водови и инсталации на инфраструктурите

- **Сообраќајна мрежа**

Предмет на оваа техничка документација е изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура** за линиска инфрасктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци , во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија.
Трасата на подземниот кабловски вод започнува на југ на КП 2225 КО Гевгелија со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод се движи од десната страна покрај улица ,,Борис Кидрич '' прави премин под неа и продолжува надолжно покрај железничката пруга низ КП 2157/1, КП 48, КП 47, КП 49/1, и прави премин под железничката пруга Велес -Гевгелија..
Трасата завршува со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод на КП 1/1 КО Мрзенци, при што полагањето на подземниот кабел е покрај постојниот асфалтиран пат и на делови во истиота ,а во дел по земјени површини.

- **Електроенергетска мрежа**

Новопредвидениот кабловски вод ќе се приклучи на постојната електроенергетска мрежа на ЕВН Македонија. (арх. бр.10-55/7 -521 од 29.08.2025год) добиени се податоци и информации кои се вградени во графички дел од овој проект и постојат 10(20)кв подземна водови и надземен кабел,0,4kV подземен кабелски вод и приклучоци.
Трасата на подземниот кабловски вод започнува на југ на КП 2225 КО Гевгелија со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод се движи од десната страна покрај улица ,,Борис Кидрич '' прави премин под неа и продолжува надолжно покрај железничката пруга низ КП 2157/1, КП 48, КП 47, КП 49/1, и прави премин под железничката пруга Велес -Гевгелија..
Трасата завршува со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод на КП 1/1 КО Мрзенци, при што полагањето на подземниот кабел е покрај постојниот асфалтиран пат и на делови во истиота ,а во дел по земјени површини.
Добиените информации за инфраструктурни инсталации од комунални претпријатија се вметнати во самиот проект во векторска форма и се составен дел од проектната документација .
Предметните инфраструктурни инсталации се нанесени на георефернцирана Ажурирана подлога од каде може да се дојде до прецизни локации за водењето и вкрстувањата со новопланираниот проектен опфат.
Истите се доставени за мислење и тоа до сите засегнати институции кои дале свои информации за постоечки или планирани инфраструктурни инсталации во рамките на проектен опфат на новопланираниот кабел и тоа во постапка преку е-урбанизам .
Добиените позитивни мислења се приложени во проектот**.**
Согласно член 203 ст.1 од Законот за енергетика (Службен Весник на Република Македонија бр.101/25), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки,со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија, илисе загрозува безбедноста на луѓето и имотот.
Предвиден е заштитен појас на електроенергетските објекти согласно мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, означено во графичкиот прилог.

- **Телекомукациска мрежа**

Спрема добиените податоци од Македонски Телеком А.Д.Скопје (е-урбанизам бр. 74508 од 01.09.2025 год.) се известува дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог и истатата е усогласена.

Напомена: Вкрстувањето на енергетските кабли со подземните тк инсталации да се врши под прав агол со вертикално растојание од најмалку 0,5м.
На местото на вкрстување на енергертските кабли да се вовлечат во цевка ф110.
На местото на вкрстување на кабелот со кабелската канализација да се изведе премин со тунелиарање, ако цевките (блоковите) се плитко вкопани. Односно со нормален прекоп и со зголемено внимание и надзор, ако цевките (блоковите) на канализацијата се длабоко вкопани.
Поминување на енергетскиот кабел низ окната на кабловската канализација како и премин под или над окната не е дозволено.
Паралелното водење на енергетските кабли со телефонските подземни кабли е дозволено на растојание не помало од 0,5м за кабли од 10 кВ, 1м за кабли од 35 кВ и 2м за кабли преку 35 кв.
Пред почеток на работите на трасата на полагање на енергетските кабли потребно е да се исколчи трасата на тк каблите.
Копањето да се врши исклучиво рачно на местата на вкрстување како и на местата каде работите за ископ на ровот се на растојание помало од 2 м од трасата на тк инсталациите.
Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инсталациите се моли инвеститорот да поднесе писмено барање до Надлежниот сектор

- **Хидротехничка инфраструктура**

Побарани се податоци од Јавното Комунално претпријатие „Гевгелија , со Арх.бр. 08-1351/2 од 26.09..2025 ,при што одговорено е дека постои водоводна мрежа и фекална канализација .Истите се аплицирани во графичките прилози и се усогласени.

Напомена: не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони,гасоводни и други инсталации над и непосредно до улична водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации“ на соодветните Комунални организации но не помалку од 0,60м односно 1,00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50 м.
При изведувањето на трасата задолжително да се повика одговорно лице од Јавното Комунално претпријатие „Гевгелија ‘’,**заради утврдување на состојбата на терен**.

➢ **Податоци и информации од ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ – Подрачно одделение за заштита и спасување Гевгелија**

Спрема добиените податоци преку системот е-урбанизам 74508 од Дирекцијата за заштита и спасување-Подрачното одделение Гевгелија добиени се податоци Арх.бр.09-309/2 од 04.09.2025 .
Проектот е пратен на мислење преку системот е-урбанизам при што не е одговорено во законски предвидениот рок.Неиздавањето на мислење не ја спречува постапката за донесување на урбанистичкиот проект .
При реализацијата на проектното решение да се почитуваат мерките за заштита и спасување согласни Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр.36/04,49/04,86/08,124/10,18/11,93/12,41/14,129/15, 71/16 106/16, 83/18, 215/21), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозиии опасни материи (Службен весник на РМ бр. 231/2020),Законот за пожарникарство(Службен весник на Република Македонија бр.67/04,81/07,55/13, 158/14, 193/15, 39/16,Пречистен текст 168/17) и Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување ,при планирање и уредување на просторот и населбите,во проектите и изградба на објектите (Службен весник на Република Македонија бр. 105/05).

➢ **Податоци и информации од МЕПСО**

Добиени се информации од МЕПСО (Арх.бр.11-4920/1 од 02.09.25 год.) при што утврдено на предметното подрачје дека не постојат планирани инсталации и објекти.

➢ **Податоци и информации од АД НОМАГАС**

Спрема добиените податоци преку системот е-урбанизам Арх.бр.08-3855/2 од 01.09.2025 год. во предвидениот опфат за предметната траса на кабелскиот вод претпријатието известува дека нема изградено гасоводна мрежа .

➢ **Податоци и информации од ЈП Железници**

Спрема добиените податоци преку системот е-урбанизам 20-3890/2 од 02.10.2025 год.при што констатирано е дека проектниот опфат се вкрстува со железничката пруга Велес-Гевгелија .
Доставено е барање за добивање услови за премин и подолжно водење покрај железничка пруга Велес- Гевгелија
По добивањето на Условите потребно е да се изработи проектна документација за подолжно водење и подземен премин на среднонапонски СН 10(20)kV кабелски вод и да се достави за одобрување до Јавното претпријатие за железничка инфраструктура .

➢ **Податоци и информации од АД Водостопанство**

Спрема добиените податоци преку системот е-урбанизам од АД Водостопанство на РСМ со Арх.бр.11-3248/2 од 10.09.2025 год. известени сме :
Постои линија за наводнување од системот за наводнување ХМС Конско со кој стопанисува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост –Скопје ,преку својата подружница ,,Јужен Вардар''.
Трасата на подземниот кабелски вод се движи покрај постоен асфалтиран пат на постоечката бетонската ограда до патот,при што нема влијание врз системот за наводнување ХМС Конско.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1 Општи услови

Сите услови за реализација на оваа проектна документација да се базираат на: **Урбанистички проект за инфраструктура** за линиска инфрасктурна градба : Новопланиран СН10(20)кV кабелски подземен вод од кабелска спојница на КП 2225 КО Гевгелија до кабелска спојница на КП 1/1 КО Мрзенци , во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија.

Трасата на подземниот кабловски вод започнува на југ на КП 2225 КО Гевгелија со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод се движи од десната страна покрај улица ,,Борис Кидрич '' прави премин под неа и продолжува надолжно покрај железничката пруга низ КП 2157/1, КП 48, КП 47, КП 49/1, и прави премин под железничката пруга Велес -Гевгелија..
Трасата завршува со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод на КП 1/1 КО Мрзенци, при што полагањето на подземниот кабел е покрај постојниот асфалтиран пат и на делови во истиота ,а во дел по земјени површини.
.

Изработката на овој проект е заради потребата од зголемување на потрошувачката на електрична енергија во наведениот реон. Поставувањето на новиот среднонапонски 10(20) kV кабелски подземен вод е со цел да се задоволат барањата за електрична енергија на новите и потенцијалните потрошувачи кои би се приклучиле во иднина. Новопланираната подземна кабелска траса се наоѓа во КО Гевгелија,КО Мрзенци ,Општина Гевгелија.

- Приклучниот вод за новата трафостаница ќе се изведе со поставување на СН кабелски вод со 3(три) едножилни кабли тип NA2XS(F)2Y 3x1x400mm во стандарден ров со димензии 0,4x0.6 m. Проектот е изработен во се според важечките прописи, нормативи и стандарди, како и препораки на ЕВН - Македонија АД – Скопје.
- Линијата на оската на водот (електричниот кабел) во графичкиот дел е обележана со црвена испрекината линија како линија врз база на која се оформува површината на планскиот опфат. Линискиот симбол на границата на планскиот (проектниот) опфат во графичкиот дел на планот е дадена како детаљ и претставува ортогонална проекција на пресек на вертикалната рамнина со површината на теренот, која се протега над и под котата на теренот. Растојанието помеѓу две гранични линии го определува

профилот на инфраструктурниот коридор и при планирање во рамките на оваа планска документација за него се предвидува 1.0 метар (0.4 метри за ископ и 0.6 метри за одлагање на земја).

Основна класа на намена е **Е1** - **Сообраќајни инфраструктури**, **Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија /**Високо и средно напонски електрични водови /

- Трасата на електричниот вод, според добиените известувања и подлоги од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, не третира други инсталации.
- При изработка на проектната документација за електричниот вод од пониско ниво да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојните подземни инсталации од другите комунални претпријатија (електрика, водовод и канализација, телефонска мрежа).
- Доколку при изработка на проектна документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со поставувањето на електричниот кабел, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културни– историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14,104/15,154,15,192/15,39/16,11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисол на член 129 од Законот.
- При вршење на ископот да се внимава да не дојде до оштетувања на останатата улична и патна мрежа и истата по завршувањето на ископот доколку има оштетувања истите да се отстранат и да се врати во првобитна состојба. На местата каде има премин изведбата да биде идентична.Премини да се изведуваат со бушење на 3 отвори со дијаметар 110мм (два за каблите плус една резервна)за поставување на енергетскиот вод под трупот на постоечкиот пат и проектираните нови коловози.За изведба на бушењето потребно е да се ископа по едно окно од двете страни на минимално растојание од 1 м од ивицата на ножицата на патот,во кои ќе се постави опремата за бушење.За преминот да се користат PVC заштитни дебелозидни цевки дијаметар 110 мм кои треба да се постават на минимално вертикално растојание од 1,4 м од проектираната кота на асфалтот односно на минимално вертикално растојание од 1м под дното на одводниот канал,односно дренажата.Монтажните и градежните работи за поставување на електроенергетскиот вод треба да се изведуваат надвор од коловозот на патот,за да не се наруши безбедноста и протокот на сообраќајот.По завршување на работите рововите и окната односно целокупната патна мрежа треба да се врати во првобитна состојба од страна на изведувачот односно инвеститорот .
- Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоци при изградбата и експлоатацијата на подземната кабловска врска (траса) ќе го врши директно на своја сметка причинителот на истите и тоа директно во регионалната (градска) депонија под услови кои ќе ги одреди Управувачот или сопственикот на депонијата.
- Начинот на изведување на кабелот треба во целост да биде во согласност со работните услови во смисла на комплетно доведување на трасата во првобитна состојба по завршувањето со полагање на подземниот кабел со максимално искористување на истиот материјал од ископот за затрупување на ровот.

4.2. Посебни услови за градба

Оваа проектна документација ја опфаќа со урбанизација дефинираната зона за комунална инфраструктура која ја опфаќа трасата на електричниот вод.

Основната класа на намена е **Е1** – **Сообраќајни инфраструктури**, **Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија /**Високо и средно напонски електрични водови /.

Трасата на подземниот кабловски вод започнува на југ на КП 2225 КО Гевгелија со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод се движи од десната страна покрај улица ,,Борис Кидрич'' прави премин под неа и продолжува надолжно покрај железничката пруга низ КП 2157/1, КП 48, КП 47, КП 49/1, и прави премин под железничката пруга Велес -Гевгелија..
Трасата завршува со поврзување со кабелска спојница од планиран подземен кабелски вод на КП 1/1 КО Мрзенци, при што полагањето на подземниот кабел е покрај постојниот асфалтиран пат и на делови во истиота ,а во дел по земјени површини.

За основната класа на намена Е1 **Сообраќајни инфраструктури** определена со границата на опфатот на овој Урбанистички проект за инфраструктура се планира изградба на електричен вод за кој не се формира градежна парцела. Градежното земјиште во проектниот опфат како урбанистички параметар и како планерски елемент во Урбанистички проектот за инфраструктура, а кое се однесува на кабелот, не се парцелизира затоа што се работи за земјиште за општа употреба со Е1 - Сообраќајни инфраструктури, Е1.8 – **Водови за пренос на електрична енергија /**Високо и средно напонски електрични водови /
Од овие причини границата на проектниот опфат е ориентациона односно истата можно е да се прошири или намали доколку биде условено од задоволување на стандардите и нормативите за проектирање на инфраструктурната градба.
Со оваа проектна документација линијата на оската на електричниот вод, во графички дел е обележана со црвена испрекината линија како линија врз база на која се оформува површината на опфатот на трасата.

Растојанието помеѓу двете гранични линии го определува профилот на инфраструктурниот коридор и при планирање во рамките на оваа проектна документација, ширината на овој инфраструктурен коридор изнесува 1 м (0,4 м за ископ и 0,6 м за одлагање на земја).
Длабочината на ровот се предвидува да изнесува од 70 – 100 см во зависност од намената на земјиштето.
При полагање на кабелот на регулирани површини, на висина од 40 см над кабелот се поставува една предупредувачка PVC лента во црвена боја со втиснат натпис за внимателност.
Ширината на ровот се предвидува да изнесува 0.40 м.
Побарани се податоци од сите правни субјекти кои имаат своја подземна инфраструктура како и согласно податоците добиени од **Извод:** Извод: ГУП на град Гевгелија Измена и дополна за Пл.период 2011-2021 год, Одлука 07-1436/1 од 16.07.2012 год.,ДУП за блок 11(дел 11.3) Плански период 2019-2024 Одлука 09-286/1 од 17.02.2024 год.,ДУП за блок 10(10.1, 10.3,10.4 и 10.5) Плански период 2012-2017 год.Одлука бр.07-1667/1 од 12 и 13 .09.2013 год,ДУП за блок 12 КО Гевгелија Пл.период 2019-2024 год.) Одлука бр.09-1451/1 од 25.11.2024 год,УП проект со план за парцелација формирање на нови градежни парцели ГП 6.2.1,ГП 6.2.2,ГП 6.2.3,ГП 6.2.4 од ДУП за Блок 6 (6.1и 6.2)КО Мрзенци,Општина Гевгелија Потврда бр.11-18/1 од 09.01.2024 год.

извршено е усогласување согласно постоечките техничките прописи.
Предметната траса, според добиените известувања и подлоги од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, не третира други инсталации.
Растојанијата при вкрстување како и хоризонталното растојание од постојната комунална инфраструктура се предвидува да биде согласно техничките прописи односно усогласено со сопствениците на истата.
Во графичкиот прилог инфраструктурен план означени се специфичните места каде има вкрстување и парално водење на енергетскиот кабел со имателите тк инсталациите.
Напомена:Заради специфичноста на теренот која произлегува од постоечките подземни инфраструктурни и телекомуникациски водови напомена и насока од проектанот и планерот е при геодетското исколчување на трасата да се обележат и специфичните места детали дадени во инфраструктурниот план каде треба со посебно внимание и надзор да се врши рачно копање на трасата. Исто така при реализацијата на оваа проектна документација да се известат имателите на траси и да се обезбеди одговорно лице од истите пред ископот.
Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни цевки.
Хоризонталното растојание на енергетски кабел од водоводна цевка треба да изнесува најмалку 0.5m за кабли 35 KV т.е најмалку 0.4m за останати кабли. При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна цевка на растојание од најмалку 0.4m за кабли 35kV односно најмалку 0.3m за останати кабли.
Доколку неможат да се постигнат растојанијата предходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се повлече низ заштитната цевка. На местата на паралено водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни и канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).
Хоризонталното растојание на енергетски кабел од канализациска цевка треба да изнесува најмалку 0.5m за кабли 35 KV т.е најмалку 0.4m за останати кабли. При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над канализациска цевка на растојание од најмалку 0.4m за кабли 35kV односно најмалку 0.3m за останати кабли.
Доколку неможат да се постигнат растојанијата предходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се повлече низ заштитната цевка. На местата на паралено водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни и канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

Дозволено е паралено водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:
- 0.5м за кабли 1kV, 10kV и 20kV
- 1м за кабли 35kV

Вркстување на енергетски со телекомуникациски кабел се врши со растојание со најмалки 0.5м.
Аголот на вркстување треба да биде:
- Во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°
- Вон населени места најмалку 45°

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.
Доколку неможе да се постигнат растојанијата кои се предходно дадени на местото на вркстување енергетскиот кабел треба да биде вовлечен во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0.6м.

Растојанијата и аглите на вкрстување кои се предходно дадени не се однесуваат на оптички кабли. Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.2м. На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со телекомуникациски кабел, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

- Должината на кабелската траса изнесува 810 м' .
- Широчина на проектниот опфат во делот каде се полага кабелскиот вод изнесува 1,00 м[1]. (0,4 м за ископ и 0,6 м за одлагање на земја).
- Површината на проектен опфат изнесува 810.4 м².

Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираната траса кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република С. Македонија" бр. 225/2020), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република С. Македонија" бр. 219/21,104/22,99/23,7/25),
Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно – историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 ,199/14, 104/15,154/15,192/15,39/16,11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од законот.
Согласно член 168 од Законот за енергетика (Сл. весник на РСМ бр 101/25) по предходно добиено одобрение од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесени се Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија .
Согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, (Службен весник бр. 191 /19, бр.101/22,бр.68/24, бр.106/25) во однос на заштитниот појас според ставка 1 од член 138 стои одредбата дека заштитен појас на диструбутивните електроенергетски објекти претставува површината и просторот, под, над и покрај дистрибутивните електроенергетски објекти, потребен за просторно планирање, заштита и одржување на истите, во кој не е дозволено да се изведуваат работи односно да се гради без согласност на ОДС. Според ставка 2 од Член 138 (Службен весник бр. 191 од 2019 година) во точка број 6 стои дека ширината на заштитниот појас е 1 метар од оската на изводот за подземен кабелски вод со номинален напон од 1kV до 20kV. Според ставка 3 од Член 138 (Службен весник бр. 191 од 2019 година) за кабелски подземни водови, ширината на заштитниот појас се однесува и на работи кои се однесуваат под површината на земјата. Според ставка 4 од Член 138(Службен весник бр. 191 од 2019 година), во случај на градба на објект, односно постројка и инсталации на корисник на дистрибутивната мрежа, како и изведување на други работи внатре во заштитниот појас, неопходно е корисникот да поднесе барање до ОДС за издавање на посебни услови, односно ОДС да издаде писмена согласност, со цел обезбедување на безбедност на електроенергетскиот објект, градбата, имотот, луѓето и животните.

4.3 ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА КОРДИНАТИ ОД ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Границата на проектниот опфат е претставена описно со координати на секоја прекршна точка 1 до 68 со ПОВРШИНА= 810.4 м2

1. X=7627283.7950 ;4557146.9104
2. X=7627282.8429 ;4557146.7714
3. X=7627278.6722 ;4557159.1949
4. X=7627274.0936 ;4557172.1844
5. X=7627266.4119 ;4557169.7675
6. X=7627266.0035 ;4557169.8119
7. X=7627265.7244 ;4557170.1147
8. X=7627235.2703 ;4557264.8609
9. X=7627220.8108 ;4557308.2915
10. X=7627202.9754 ;4557361.4795
11. X=7627187.7487 ;4557408.9294
12. X=7627183.1084 ;4557423.3732
13. X=7627175.6058 ;4557442.7680
14. X=7627172.4732 ;4557450.7649
15. X=7627170.0147 ;4557456.6469
16. X=7627168.9179 ;4557459.4469
17. X=7627168.0950 ;4557462.1804
18. X=7627161.9881 ;4557475.3202
19. X=7627155.7406 ;4557490.1708
20. X=7627127.5998 ;4557572.9544
21. X=7627074.8028 ;4557727.5228
22. X=7627036.8955 ;4557715.0280
23. X=7627021.6581 ;4557714.4868
24. X=7627006.9332 ;4557717.4301
25. X=7626992.6205 ;4557721.6366

26. X=7626992.5133 ;4557745.4762
27. X=7626991.7847 ;4557745.9609
28. X=7626989.6815 ;4557745.9609
29. X=7626975.2833 ;4557746.1598
30. X=7626959.8085 ;4557748.2033
31. X=7626954.5054 ;4557746.8726
32. X=7626947.0118 ;4557733.1200
33. X=7626938.2848 ;4557730.0688
34. X=7626926.7893 ;4557727.2072
35. X=7626926.5478 ;4557728.1776
36. X=7626937.9984 ;4557731.0280
37. X=7626946.3181 ;4557733.9368
38. X=7626953.8370 ;4557747.7359
39. X=7626959.7502 ;4557749.2196
40. X=7626975.3559 ;4557747.1589
41. X=7626989.6884 ;4557746.9609
42. X=7626992.0869 ;4557746.9609
43. X=7626993.5109 ;4557746.0136
44. X=7626993.6172 ;4557722.3860
45. X=7627007.1727 ;4557718.4020
46. X=7627021.7395 ;4557715.4903
47. X=7627036.7177 ;4557716.0223
48. X=7627075.4294 ;4557728.7822
49. X=7627128.5464 ;4557573.2769
50. X=7627156.6761 ;4557490.5261
51. X=7627162.9027 ;4557475.7249
52. X=7627169.0320 ;4557462.5371
53. X=7627169.8638 ;4557459.7740

54. X=7627170.9417 ;4557457.0221
55. X=7627173.4002 ;4557451.1402
56. X=7627176.5377 ;4557443.1307
57. X=7627184.0516 ;4557423.7068
58. X=7627188.7009 ;4557409.2349
59. X=7627203.9256 ;4557361.7913
60. X=7627221.7592 ;4557308.6085
61. X=7627236.2207 ;4557265.1719
62. X=7627266.5368 ;4557170.8551
63. X=7627274.2259 ;4557173.2743
64. X=7627274.7560 ;4557173.1684
65. X=7627274.9375 ;4557172.7984
66. X=7627279.6178 ;4557159.5203
67. X=7627283.5251 ;4557147.8816
68. X=7627283.6505 ;4557147.8999

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Мерки за заштита,пропишани со овој проект, претставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на животната и работната средина

Мерки за заштита на животната средина

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој е обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите на националното богатство и се организира и уредува со цел за вкупен развој на истиот.
При изработка на проектната документација е пристапено со намера колку е можно да се избегне негативно влијание на човековата околина.
Изборот на трасата за изградба на водот е правен така да се избегне минување низ уредени површини.
Анализата на активностите кои се превземаат при поставување на електричниот вод и активностите кои се неопходни во насока на одржување на истиот во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.
Во периодот на градба, земјаните активности се главен извор на негативно влијание врз животната средина.
Во оваа фаза се вклучени подготвителните активности и градежните активности.
Начинот на изведувањето на водот треба во целост да биде во согласност со работните услови, во смисол на комплетно доведување на трасата во првобитна состојба по завршувањето со изведбата на водот со максимално искористување на истиот материјал од ископот за затрупување на ровот.
Столбчињата кои ќе се користат за обележување на трасата се од бетон кој нема негативни влијанија на околината.
Во текот на експлоатациониот период редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи за одржување на поставениот вод би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина.
Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.
Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.
Заштитата на животната средина, како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животната средина („Службен весник на Република

Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16 , 99/18 , „Службен весник на Република С.Македонија" број 89/22,171/22, 3/25) . Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон неопходно е да се почитуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- • Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 100/12-пречистен текст, 163/13, 10/15 и 146/15, Службен весник на Република С. Македонија"бр.151/21,3/25)

- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република С. Македонија" број 216/21)
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15, , Службен весник на Република С. Македонија"бр.216/21,3/25)
- • Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16, Службен весник на Република С. Македонија"бр.151/21,3/25) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, намалување или отстранување на отпадните материи и емисии на местото на кое настануваат потребно е да се има во предвид следното:
Согласно Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр.48/10, бр.124/10, бр.51/11, бр.123/12, бр.93/13, бр.187/13, бр.42/14 , бр.44/15, 129/15, 192/15 39/16 , 99/18 , „Службен весник на Република С.Македонија" број 89/22,171/22,3/25) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кој се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина (Сл. Весник на РМ 74/05 и 109/09), треба да се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Согласност Законот за животната средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр.48/10, бр.124/10, бр.51/11, бр.123/12, бр.93/13, бр.187/13, бр.42/14 , бр.44/15,129/15, 192/15 39/16 , 99/18 , „Службен весник на Република С.Македонија" број 89/22) и Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,39/16,63/16,113/18, Службен весник на Република С.Македонија" број 151/21,3/25), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да

изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот.
Согласно член 3 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РСМ, бр. 216/21), создавачите на отпад се должи во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

За подземни кабелски водови кои не се поставуваат во заштитни подрачја не треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и не треба да се изготвува Елаборат за заштита на животната средина. За трафостаницата потребно е да се изготви Елаборат за заштита на животната средина.

Мерки за заштита на воздухот

Во фазата на изградба на предвидените содржини,можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. При проектирање и реализација на објектите да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност и да се предвидат мерки и активности за евентуално искористување наобновливи извори наенергија.
Во периодот на експлоатација, транспортот по сообраќајницата ќе влијае на зголемување на концентрацијата на честици во воздухот, поради што е потребно да се предвиди соодветно заштитно зеленило. При избор на вегетацијата да се даде приоритет навидовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет назагадувачки материи.
Бидејќи се работи за подземен кабелски вод емисии во воздух би имало само за време на изведбата на водот од градежната механизација но тие би биле краткотрајни.

Мерки за заштита на водите

Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот. Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.
Бидејќи се работи за подземен кабелски вод со трафостаница, кога ќе биде пуштен во работа нема да врши никакви емисии на било какви материи во вода или во канализација.

Мерки за заштита на почвата

За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата,реупотреба на вишокот земјен материјал од ископите и организирано управување со отпадот согласно законската регулатива. Исто така потребное да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини, со цел спречување или намалување на контаминацијата напочвата предизвикана од транспортот по сообраќајниците.
Зелените површини да се уредат врз основа издадени условиза градба, произлезениод понатамошната планска документација, која покрај другите фази ќе ја содржи фазата хортикултура.Со плановите за хортикултура да се утврдат декоративни насади и видови со висок биоакумулативен потенцијал кон потенцијалните загадувачи на воздухот, а согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на околниот простор.
Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот,отпадните води, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе сеспречи или намали ризикот од загадување на почвата.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата и вибрациите, се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба, и применана висококвалитетни изолациски материјали. Инвеститорите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување наработното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности.
Мерка за заштита од бучава во планскиот опфат, претставува формирање насоодветно заштитно зеленило, што ќе придонесе за намалување на можните влијанија, особено од околните сообраќајници.
Од аспект на бучава, изведувањето на подземните водови и трафостаницата ќе трае краткотрајно и може да предизвика само краткорочни пореметувања со незначителен интензитет.

Мерки за управување со отпадот

Неопходно е воспоставување и одржување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањетона отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачотна отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
Кога ќе биде пуштен во работа подземниот кабелски вод заедно со трафостаницата, нема да создава никаков отпад или било какви отпадни материи.
Создавање на отпад би имало само за време на изведбата на изградбата и демонтажата. Вишокот на материјал, во смисла на старите столбови, кабли, изолатори, земја, хартии ќе биде отстранет од страна на извршителот на изградбата на подземниот кабелски вод со трафостаницата, односно градежната фирма која ќе биде изведувач на проектот.

9.2. Мерки за заштита на природата

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштитана природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природни реткости.
Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата иживотната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната рамнотежа во просторот.
На просторот кој е предмет наанализа, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство, односно планскиот опфат не се наоѓа во простор сопособни природни вредности кои подлежат на посебен режим на заштита утврден во Законот за заштита на природата (“Службен весникна РМ”, број67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16и 113/18, Службен весник на Република С.Македонија" број 151/21,)

Мерки за заштита и спасување

Условите пропишани со овој урбанистички проект се во согласност со:

-Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ број 93/12 -пречистен текст, 41/14,129/15, 71/16, 106/16 , 83/18, 215/21)
-Закон за пожарникарство (Службен весник на РМ бр. 67/04, 81/07,55/13,158/14, 193/15, 39/16 и Пречистен текст 168/17,152/19)
-Закон за управување со кризи (Службенвесникна РМ бр.29/05 и 36/11 и 104/15, 39/16) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Заштитата и спасувањето во РМ се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето напоследиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна и воена состојба.
Заштитата и спасувањето претставуваат поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор занавремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.
Заштитата и спасувањето се работа од јавен интереси во РМ ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основана овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.
Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување наприродната непогода или друга несреќа.
Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.
Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единицитена локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на овој Закон, посебно за секоја, со уредба го уредува Владата на Република Македонија.
- **Пред започнување на градежните работи задолжително да се повикаат одговорните лица од сите засегнати институции кои имаат свои инсталации заради утврдување на трасата на терен со цел да не настанат несакани оштетувања.**

7. Упаство за поставување на енергетски кабли

7.1 Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препораачуваа директно полагање на енергетски каблови во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.

Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

 1.1m за кабли 35 kV

 0.7 – 0.8m за кабли 1kV, 10kV и 20kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.
Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања и примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.
Кабелот се полага во средина на слој од песок и шљунак кој е со дебелина 0.2m на дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачно набивачи.
Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација.
Ископаниот кабелски ров мора да биди видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите на куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.
Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0,3m. Слоевите од земја над постелицата од песок и шљунак се набиваат со механички набивачи.
При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

 при полагање на кабел на регулирани површини се поставува единечна предупредувачка лента на СН 10(20)m над кабелот (сл.1)

 при полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат до предупредувачки ленти од кои првата е на 0.3m, а втората на 0.5m над кабелот (сл.1)

 ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти нанивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат “покриени“ со предупредувачки ленти (сл.2)
Пластичната предупредувачка лента е со црвена боја со втисната напис за внимателно, ширината на траката треба да биде околу 10cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.



1 предупредувачка лента; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок

сл. 1



1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 предупредувачка лента; 6 цигли;

сл. 2

За премин под пат на урбанизирани населби наместо кабелска канализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1.4m се поставува

постелица на кабелот која е предходно опишана, над неа се поставуваат армирано бетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ-15 (сл.3).
После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот, кабелски вод и затрпување, кабелската траса се доведуваа во првобитна состојба т.е вишокот земја се одвезува на планирано место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците и т.н.



1 кабел; 2 песочна постелица; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 предупредувачка лента; 6 бетон МБ 15 7 тампон на патот

сл. 3

7.2 Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации

7.2.1 Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабли

Дозволено е паралено водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0.5m за кабли 1KV, 10kV и 20kV
- 1m за кабли 35kV

Вкрстување на енергетски телекомуникациски кабел се врши на растојание со најмалку 0.5m
Аголот на вкрстување треба да биде:

- во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°
- вон населени места најмалку 45°

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.
Доколку неможе да се постигнат растојанијата кои се предходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да биде вовлечен во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0.5m
Растојанијата и аглите на вкрстување кои се предходно дадени не се однесуваат на оптички кабли.
Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.2m .

7.2.2 Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки.
Хоризонталното растојание на енергетски кабело од водоводна или канализациска цевка треба да изнесува најмалку 0.5m за кабли 35 KV т.е најмалку 0.4m за останати кабли.
При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0.4m за кабли 35kV односно најмалку 0.3m за останати кабли.
Доколку неможат да се постигнат растојанијата предходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се повлече низ заштитната цевка. На местата на паралено водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни и канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

7.2.3 Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод

Не е дозволено паралено водење на енергетски кабли под или на топловод. При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод.
Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан пенлив бетон и т.н (сл.4)
Хоризонтално растојание помеѓу енергетски кабел и надворешна ивица на каналот за топловодот треба да изнесува најмалку 0.7m за кабли 35kV, односно 0.6m за останатите кабли.
Доколку неможе да се постигнат предходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот во кабелот не биде поголемо од 20°C. Заштитни мерки се следните:

- зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел,

- примена на кабли со изолација од умрежен полиуетилен (XP00;XHE 49-A и сл.),

- примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.

При вкрстување на паралелно водење енергетски кабел за јавно осветлување топловодот треба да се остави растојание најмалку 0.3m.



1 површина на тло 2 предупредувачка лента; 3 пластична цевка Ø 160;
4 кабел; 5 изолација од пенлив бетон;

сл. 4

ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ТОПЛОВОД



сл. 5

7.2.4 Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод

Не е дозволено паралено водење на енергетски кабел под или над гасовод.
Растојанието помеѓу енергетски кабели и гасовод при вкрстување и паралено водење треба да биде најмалку:

- 0.8m на населено место
- 1.2m вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.3m ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина 2m од двете страни на вкрстување или по целата должина на параленото водење.

7.2.5 Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебно растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски снопо од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите но не смее да биде помало од 0.07m при паралено водење, односно 0.2m при вкрстување.
За обезбедување на пропишаното растојание при паралено водење т.е недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебни растојаниа од 1m.

7.2.6 Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат вон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во хоризонтално избушен отвор.
Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот.
Вертикално растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8m.
Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралено водење односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од прв ред: најмалку 5m за паралено водење и најмалку 3m за приближување
- за патишта од прв ред: најмалку 3m за паралено водење и најмалку 1m за приближување

7.2.7 Полагање на енергетски кабли преку мостови

За полагање преку мостови се препорачуваа користење на кабли со полимерна изолацијаи полимерен плашт (XPOO-AS, XHE 49-A и др).
За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPNA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт.
Се препорачуваа полагањето на енергетски кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали и цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостат ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци.
Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е одалечена најмалку 10 метри од краевите на мостот.
Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки.
На премините на енергетските кабли од челична конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилетационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.

7.2.8. Димензионирање на кабелски вод

:

За новиот 10(20) kV кабелски приклучен вод избрани се систем од три едножилни кабли. Избраниот кабел тип NA2XS(F)2Y 3x(1x400) RM/35 12/20 kV, положен во триаголен сноп согласно каталошки карактеристики може трајно да се оптовари со струја од 541 А.

In= 541 А номиналната струја на кабелот,
Un=10 kV – номинален напон

$S_n = \sqrt{3} \cdot U_n \cdot I_n = 1.73 \cdot 10 \cdot 541 = 9.35MW$ -за 10kV-напонско ниво

$S_n = \sqrt{3} \cdot U_n \cdot I_n = 1.73 \cdot 20 \cdot 541 = 18.71MW$ - за 20kV-напонско ниво

Според тоа предвидена номинална моќност на кабловскиот вод на 10kV ниво приближно е:9.35 MW а за 20kV-напонско ниво 18,71MW.

7.2.9 Истовар и ракување со кабелски котур

Кабелските котури се истовараат со соодветни машини и методи. Котурот не смее да се фрла. Котурот може да се вилушкар или со кран. При одмотување на кабелот температурата на воздухот не смее да биде помала од 7 Cº бидејќи можат да настанат оштетувања поради зголемената крутост на изолацијата при ниски температури



Одмотување на кабелот од котур

Кабелот се одмотува од котурот на начин при кој оската на котурот е секогаш во хоризонтална позиција. Кабелот секогаш се влече од горната страна на котурот. Котурот мора да се врти лесно за да силата со која се влече кабелот е што е можно помала. Вртењето на котурот не смее да се кочи освен во случај кога влечењето на кабелот ќе застане, за да не дојде до олабавување на кабелот.



Правилно одмотување на кабел Неправилно одмотување на кабел

Ролери

При влечење кабелот не смее да се влече по земја за да не дојде до оштетувања на истиот. За таа цел се користат ролери кои на правец се поставуваат на 2-4m, додека на секое свртување се поставуваат минимум 2 за да се запази максималниот радиус на виткање на кабелот.



Ролери (лево: за правец; десно: за свртување

Полагање на едножилен енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (XHE 49-A и др.) во триаголнест сноп. На пократки делници дозволено е и полагање на хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07m.
Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување во три котури. Формираниот сноп на секој 1-2 метри се зацврства (обмотува) со обујмица на самолеплива лента.



а) во триаголен сноп б) во хоризонтална рамнина

Дозволено е поедично провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 метри.
Дозволено е провлекување на едножилни кабли можат да се користат обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика и т.н).
На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

8. КАБЕЛСКИ ПРИБОР

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага,што се остварува со помош на кабсловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници.
За среднонапонските кабли (XHE 49-A,NPO 13-AS итн) се препорачува да се користат кабелски спојници и завршници од топлособирачки , ладнособирачки или префабриковани елементи.
Кабелските спојници и завршници треба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота,непрекиднсота на електричната заштита,слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн.
Кабелската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата,односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот.
Кабелската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

9. Обележување на кабловска трака и кабли

Над положените кабли (спрема детали од графички прилози) треба да се положи пластифицирана предупредувачка лента по целата должина на ровот. Местата на вкрстување на кабли со други инсталации, промена на насока , тип на кабли и нивни карактеристики, исто така треба да се обележат спрема деталите дадени во графичките прилози.

Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската трака, а не се дел од деталите во графичките прилози.

10. Технички услови, заштитни мерки

10.1 Општи технички услови за кабли

1. Овие технички услови се составен дел на проектот и како такви се задолжителни за изведувачот.
2. Најмала длабочина на полагање на каблите во земја да не биде помала од 70 cm.
3. Во ископаниот ров, во истиот, прво се става еден слој од просеана земја, а на него се полага кабелот. Откако ќе се сними положбата на кабелот, се поставува вториот слој на просеана земја во дебелина од 10 cm. При тоа земјата се истура во слоеви од 10-15 cm и добро се набива. Над кабелот се полагаат пластични ГАЛ штитници, а над нив на околу 60 cm од котата на теренот се полага предупредувачка PVC лента.
4. Ширината на кабловскиот канал за еден кабел не треба да биде помала од 40 cm.
5. Свиткувањето на кабелот да се врши со блага кривина чиј полупречник мора да биде најмалку 15 D, каде D е надворешен пречник на кабелот.
6. Каблите не смеат да се полагаат на температура пониска од 00 C. Се препорачува полагањето на каблите да се врши на надворешна температура над +50C.
7. За заштита на каблите од механички оштетувања треба, покрај арматурата на кабелот да се применат и дополнителни осигурувања од повреди, како што е змијолико полагање во растресито земјиште, полагање низ механички отпорни цевки, штитници, покривање со цигли, бетонски плочки или слични, обложувања со бетонски елементи и сл.
8. За подобро одведување на топлината најповолно е да се обложи кабелот со песок, на тој начин што во ровот се набива 10 см песок, па потоа се посипува врз кабелот повторно 10 cm песок а измеѓу каблите попречно се поставуваат цигли.
9. Меѓусебното растојание на паралелни кабли за напон до 1 kV треба да изнесува барем 7 cm.
10. Меѓусебното растојание на енергетски кабел до 1 kV и телефонски кабел треба да е поголемо од 30 cm.
11. За вкрстување на два кабли се препорачува растојание како и за паралелно водење.
12. Аголот на вкрстување треба да биде што поблиску до 90o или барем 45o.
13. При паралелно полагање на кабли покрај цевковод мора да се обезбеди растојание минимум 50 cm.
14. При вкрстување на кабел со главен цевковод да се обезбеди растојание минимум 50 cm.
15. Ако кабелот е прицврстен на опфатници, растојанието на опфатниците треба да изнесува:

-Кога кабелот е положен хоризонтално најмногу 80 cm, а не повеќе од 20 пати од надвоесниот пречник за неармирани кабли, односно 30 до 35 пати од надворешниот пречник за армирани кабли.

-Кога кабелот е положен вертикално обично околу 2 m, а најмногу до 3 m.
16. Пред ставање на инсталациите под напон потребно е претходно да се изведе мерење на отпорот на зазамјувањето и да се обезбеди соодветен атест.
17. Пред почетокот на работите и пред ставање на инсталациите под напон потребно е да се извести електро-дистрибутивното претпријатие кое ја има издадено електро-енергетската согласност.
18. Под напон се става инсталацијата во присуство или одобрување на овластено лице од електро-дистрибутивното претпријатие.

10.2 Упатство за заштита при работа

Заштита од електричен удар

Електричната инсталација треба да се изведе според основниот проект, согласно постојните македонски стандарди и препораки што ја покриваат наведената област.

При инсталирањето и при изборот на материјалите кои се вградени и инсталирани (кабли и опрема) во објектот треба да се води строга контрола квалитетот на материјалите и опрема и дали истите ги задоволуваат постојните македонски стандарди за квалитет. Во недостаток на Македонски Стандарди од одредена област да се користат важечки стандарди кои произлегуваат од препораките на IEC.

За сите вградени материјали и опрема треба да се достават атести и фабрички сертификати кои го потврдуваат квалитетот на истите. Воедно, за оние делови на инсталацијата, каде законот пропишува обезбедување на соодветни мерења и издавање атестна документација како потврда на квалитетот на инсталацијата, истите да се изведат и достават до корисникот.

СЕ ЗАБРАНУВА било каква манипулација со електричните инсталации, а особено со опремата инсталирана во разводните ормари на лица без соодветна стручна подготовка од електрострука и без искуство за работа со електрични инсталации. Секоја нестручна интервенција или интервенција на нестручно лице може да донесе тешки последици пред се за животите на луѓето кои моментално манипулираат со опремата и делумно или целосно оштетување на опремата со далекусежни последици во однос на намената која таа опрема ја има.

СЕ ЗАБРАНУВА било каква манипулација со електричните инсталации и опрема ако манипулантот со себе ги нема упатствата за работа со одредената опрема и инсталација и доколку не се води според цртежите за изведената ситуација на објектот.

СЕ ЗАБРАНУВА било каква манипулација со електричните инсталации и опрема ако манипулантот не употребува соодветни алати предвидени за работа на одредено напонско ниво, атестирани и во добра состојба-неоштетени.

СЕ ЗАБРАНУВА било каква манипулација со електричните инсталации и опрема ако манипулантот не употребува соодветни заштитни средства и опрема за заштита при работа пропишана со интерни акти на организацијата.

11. Завршни одредби

За се што не е опфатено со овој технички опис, да се изведе према постоечките и важечки прописи и технички нормативи.

Инвеститорот и изведувачот се должни пред да отпочнат со изведување на работите, во потполност да го проучат проектот. Инвеститорот е должен да обезбеди надзорен орган кој ќе ја следи изведбата на инсталациите. Во колку изведувачот на работите има нејасни работи поврзани со овој проект, истиот треба да се обрати до проектантот пред почнување со изведбата. На тој начин ќе бидат разјаснети сите нејасни работи.

Во колку изведувачот отпочне со работа и без согласност од проектантот ги менува трасите на водење каблите и нивниот пресек, трасите на регалите и местата на приклучок, тогаш во колку се појават разлики во должини и количини на материјал, проектантот се оградува од секаква одговорност.

Во колку се работи за некои мали отстапувања, кои во техничка и финансиска смисла не го оптеретува објектот, изведувачот на работите може да добие согласност и од надзорниот орган. Во колку изведувачот бара да поголеми промени која покасно ќе се одразат како од технички аспект така и финансиски, тогаш му се препорачува на инвеститорот и надзорниот орган да не пристапува кон вакви промени, без писмена согласност од Проектантот.

За секоја посериозна промена која треба да се направи во текот на градбата надзорниот орган треба да бара писмена согласност од проектантот. За секоја самоволна промена на водење на инсталациите и нивно поврзување, од страна на изведувачот и инвеститорот, Проектантот целосно се оградува од било каква одговорност.

Проектантот му препорачува на инвеститорот, а посебно и на надзорниот орган, да не одстапува од техничкото решение кое е дадено во проектот, и строго да се придржуваат кон прописите за изведба на ваков вид на електрични инсталации.

Во тек на изведба да се почитуваат мерките за користење на лична заштита опрема , Закон за заштита

ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН

Б. Графички дел



ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ
- ПРЕСЕК -
M= 1:20
КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА РОВ СО ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ
- ПРЕСЕК -
M= 1:20
Новопланиран подземен кабел тип NA2XS(F)2Y3x(1x400)мм со Лента за заземјување FeZnO 40mm
Почетна точка од кабелска спојница од подземен кабел на КП 2225,КО Гевгелија
КО Мрзенци
КО Гевгелија
Мерките се во метри
Е - ЗОНА НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЛИ
Г - ЗОНА НА ГАС
В - ЗОНА НА ВОДОВОД
Т - ЗОНА ЗА ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
ЈО - ЗОНА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
КМ - ЗОНА ЗА КОНТАКТНИ МРЕЖИ
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје
Деловоден број: 248/3-2025
Датум: 16.10.2025 година
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ
Скопје
ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
Приближен рамер 1: 1000
Легенда :
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ - Скопје
КО Гевгелија
КО Мрзенци
Приближен размер 1:1000
Скопје,Октомври 2025 год.
Изработил:
Ангелковска Бети дипл.геод.инж.



ПРИКАЗ НА КАБЕЛСКИ РОВ
- ПРЕСЕК -
M= 1:20

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА РОВ СО ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ
- ПРЕСЕК -
M= 1:20



Крајна точка до кабелска спојница од подземен кабел на КП 1/1, КО Мрзенци

Новопланиран подземен кабел тип NA2XS(F)2Y3x(1x400)мм со Лента за заземјување FeZnO 40mm

ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје
Деловоден број: 248/3-2025
Датум: 16.10.2025 година

ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ
Скопје

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
Приближен рамер 1: 1000

Легенда :

- граница на катастарска парцела
- асфалт
- тротоар
- земјен пат
- бехатон
- ограда
- ѕид
- даленовод
- надземен кабел
- подзем линии
- граница на кат.општина
- шахти
- фонтани
- столб од п.т.т. мрежа
- хидрант
- канделабра
- бетонски столб од електрична мрежа (даленовод)
- дрвен столб од електрична мрежа
- фонтана / чешма
- сливник
- објект во изградба
- постојчки објект
- новоизграден објект
- новоизграден помошен објект
- срушен објект
- настрешница
- трафостаница
- апсолутни надморски висини
- број на катастарска парцела
- геодетска точка
- решетка столб од електрична мрежа

ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ - Скопје	КО Гевгелија КО Мрзенци
ул. "Томе Арсовски" бр.49/лок. 19, 1000 Скопје *тел.: 02 61 47 909; 071/257-648;* *e-mail: geokaevski@t.mk*	*Приближен размер 1:1000*
Скопје,Октомври 2025 год.	*Изработил:* *Ангелковска Бети дипл.геод.инж.*


ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЕВН КОРИДОРИ
ПОСТОЕЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ-ТЕЛЕКОМ
ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПОСТОЈНИ
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНИ
ЗАШТИТНА ЗОНА НА НОВОПЛАНИРАН КАБЛОВСКИ ВОД
ГРАНИЦИ НА ЗАШТИТНА ЗОНА НА КАБЛОВСКИ ВОД
КО Мрзенци
КО Гевгелија
Новопланиран подземен кабел тип NA2XS(F)2Y3x(1x400)мм со Лента за заземјување FeZnO 40mm
Почетна точка од кабелска спојница од подземен кабел на КП 2225,КО Гевгелија
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје
Деловоден број: 248/3-2025
Датум: 16.10.2025 година
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ
Скопје
ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
Приближен рамер 1: 1000
Легенда :
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ - Скопје
КО Гевгелија
КО Мрзенци
Приближен размер 1:1000
Скопје,Октомври 2025 год.
Изработил:
Ангелковска Бети дипл.геод.инж.


ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЛИНИЈА НА СН 110 35(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД
ЕВН КОРИДОРИ
ПОСТОЕЧКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ-ТЕЛЕКОМ
ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПОСТОЈНИ
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНИ
ЗАШТИТНА ЗОНА НА НОВОПЛАНИРАН КАБЛОВСКИ ВОД
ГРАНИЦИ НА ЗАШТИТНА ЗОНА НА КАБЛОВСКИ ВОД
Крајна точка до кабелска спојница од подземен кабел на КП 1/1, КО Мрзенци
Новопланиран подземен кабел тип NA2XS(F)2Y3x(1x400)мм со Лента за заземјување FeZnO 40mm
КО Мрзенци
КО Гевгелија
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје
Деловоден број: 248/3-2025
Датум: 16.10.2025 година
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ
Скопје
ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ
Приближен рамер 1: 1000
Легенда :
ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ - Скопје
КО Гевгелија
КО Мрзенци
Приближен размер 1:1000
Скопје,Октомври 2025 год.
Изработил:
Ангелковска Бети дипл.геод.инж.

Ровови (кабелски и други ископи)
Трасирање и изработка на ров без повторно полнење
Ширина b , длабочина t
Ископи на ровови за поставувавање на заземјување со повторно затрупување



Ископ на ров без повторно полнење



Ископ на ров со повторно полнење



Ископ на ров со замена на материјал за полнење



d - дополнителна ширина(заб) која се отстранува од асфалтот

Разбивање на асфалт m^3
h - длабочина која се пресметува

l - должина на засек (m)
t - длабочина на засек (cm)

1 ПЕ = l x t



приказ на засек на асфалтна или бетонска површина



Разбивање на калдрма m^2
h - длабочина која се пресметува





распоред на едножилен кабел

Приказ на заштита на кабел при вкрстување





Пример за ископ со три различни типа на материјал на полнење



Отстранување странично, складирање и повторно засејување на хумусни површини



Доплата за карпи и сличен материјал





Коловоз или друга површина на која не е дозволено натрупување на материјал за полнење



Полагање на каблови во земјен ров под пат во цевка.



Директно полагање на каблови во земјен ров под пат.



Полагање на СН кабли и телекомуникациски
кабли во земјен ров



Заедничко полагање на НН и СН кабли во земјен ров на
нерегулирана површина



Полагање каблови во земјен ров на нерегулирана површина



Е Г В Т ЈО КМ

димензиите се во метри

- Е зона на енергетски кабли
- Г зона на гас
- В зона на водовод
- Т зона на телефонски кабли
- ЈО зона на јавно осветлување
- КМ зона на контактни мрежи
- Е зона на енергетски кабли



5.3.1. Izmjere i težine **N2XS(F)2Y, NA2XS(F)2Y** 12/20/24 kV

5.3.1. *Sizes and weights* **N2XS(F)2Y, NA2XS(F)2Y** 12/20/24 kV

Presjek vodiča i el. zaštite / *Cross-section of Conductor and Electric Protection*	Promjer vodiča / *Conductor Diameter*	Debljina izolacije / *Insulation Thickness*	Promjer preko izolacije / *Diameter over Insulation*	Debljina plašta / *Sheath Thickness*	Promjer kabela cca / *Cable Diameter approx.*	Težina kabela cca / *Cable Weight approx.* Bakar / *Copper*	Aluminij / *Aluminium*	Najmanji polumjer savijanja / *Minimal Bending Radius*
mm²/mm²	mm	mm	mm	mm	mm	kg/km	kg/km	mm
1x35/16	7,2	5,5	20,3	2,5	28	1050	840	420
1x50/16	8,3	5,5	21,4	2,5	29	1200	900	430
1x70/16	10,3	5,5	23,4	2,5	31	1450	1000	460
1x95/16	11,3	5,5	24,4	2,5	32	1700	1100	480
1x120/16	12,7	5,5	25,8	2,5	34	2000	1200	510
1x185/25	15,7	5,5	28,8	2,5	37	2700	1550	550
1x240/25	18,0	5,5	31,1	2,5	39	3300	1800	580
1x300/25	20,0	5,5	33,1	2,5	42	3950	2100	630
1x400/35	23,8	5,5	36,9	2,5	45	4900	2500	670
1x500/35	26,7	5,5	39,8	2,5	48	6000	2900	720

Сл.6.1 Податоци за кабел тип NA2XS(F)2Y 1x400мм2 12/24kV



Изглед



Димензии L,D 650x80mm



Репаратурна спојница

ОПОВНИ ОБУЗМИЦИ



ПОЛАГАНЕ НА КАБЕЛ ИСПОЛ ДОБРАЖЕНИЯ



ОЗНАКИ НА ТРОТОАР



ОЗНАКИ ЗА КАБЕЛСКИ СПОЈНИЦИ



ОЗНАКИ ЗА ОПРЕМА ВО КАБЕЛНОТ



ОЗНАКИ НА КРАЈОТ ОД КАНАЛИЗАЦИЈА



КАБЕЛСКИ ОЗНАКИ ЗА КАБЕЛ ВО РОВ



Ознаки на тротоар



АКСОНОМЕТРИСКИ ИЗГЛЕД ЗА КАБЕЛСКИ ОЗНАКИ НА КАБЕЛ ВО РОВ



ДЕТАЛИ НА КАБЕЛСКИ ОЗНАКИ НА КАБЕЛ ВО РОВ



ТЕРМОПЛАСТИЧНА ЛЕНТА



Полагање на 1kV, 10kV, 35kV кабли во ИТ ров


400
400
1kV
10kV
35kV
Ширина
1000
1000
1000



1	предупредувачка лента;
2	земја набиена во слоеви;
3	кабел;
4	постелица;
5	пластичен штитник;;
6	поцинкувана лента;;



Легенда:

1. Ребраста двослојна HDPE цевка Ф250mm за енергетски кабел 20kV
2. Водоводна цевка HDPE100 Ф300mm
3. Лента за заземјување FeZn-30x4mm
4. Лента за предупредување - 20kV енергетски кабел
5. Ребраста двослојна HDPE цевка Ф110mm за ПТТ кабел
6. Лента за предупредување - ПТТ кабел
7. Песочна основа - кварцен песок со гранулација до 4mm
8. Материјал од ископот со збиеност на земјата min.92%

ВОДЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ВОДОВОДНА ЦЕВКА

ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ И ПТТ КАБЛИ ВО ЗЕМЈЕН РОВ



Легенда:

1. Ребраста двослојна HDPE цевка Ф250mm за енергетски кабел 20kV
2. Ребраста двослојна HDPE цевка Ф110mm за енергетски кабел 1kV, резерва
3. Лента за заземјување FeZn-30x4mm
4. Лента за предупредување - 20kV енергетски кабел
5. Лента за предупредување - 1kV енергетски кабел
6. Ребраста двослојна HDPE цевка Ф110mm за ПТТ кабел
7. Пластична цевка Ф42mm за оптички кабел
8. Лента за предупредување - ПТТ кабел
9. Лента за предупредување - оптички кабел
10. Песочна основа - кварцен песок со гранулација до 4mm
11. Материјал од ископот со збиеност на земјата min.92%

ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ И ПТТ КАБЛИ ВО РЕВИЗИОНА ШАХТА ВО ЗЕМЈЕН РОВ



Легенда:

1. Отвор во шахта Ф250mm
2. Отвор во шахта Ф150mm
3. Лента за заземјување FeZn-30x4mm
4. Ревизиона бетонска шахта, армиран бетон МБ30

ДЕТАЛ 01

ЛИСТ 1

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО КАНАЛИЗАЦИЈА



Легенда

1.Енергетски кабел 1 или 20 kV
2.Канализација
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ВОДОВОД



Легенда

1.Енергетски кабел
2.Водовод
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот

ДЕТАЛ 02

ЛИСТ 1

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛИ од 0.4kV и 20kV



Легенда

1.Енергетски кабел 1kV
2.Енергетски кабел 20kV
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
ПРИ ПОЛАГАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ 1kV



Легенда

1.Енергетски кабел 1kV
2.Енергетски кабел 1kV
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот

ДЕТАЛ 03

ЛИСТ 1

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА КАБЕЛ 1kV СО ПАТ



Легенда:

1.Енергетски кабел 1kV
2.PVC цевка
3.Пат
4.Пешачки коридор (банкина)

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ



Легенда:

1.Енергетски кабел
2.Телефонски кабел
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот
7.PVC цевка со должина 2m

ДЕТАЛ 04

ЛИСТ

ЕЛ.ДОВОД, ПРИБЛИЖУВАЊЕ И ВКРСТУВАЊЕ
НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ДРВО



Легенда:

1.Енергетски кабел во заштитна цевка
2.Дрво
3.Заземјувачка лента
4.Лента за предупредување
5.Песочна основа
6.Материјал од ископот

ДЕТАЛ 05

ЛИСТ

ПРИЛОГ
Стандардизација ЕВН



- Е зона за енергетски кабли;
- Г зона за гас;
- В зона за водовод;
- Т зона за телефонски кабли;
- ЈО зона за јавно осветлување;
- КМ зона за контактни мрежи

слика 1: Поделба на пешачкиот тротоар на зони

Ширината на поединечните зони зависи од расположивиот простор. Вообичаена ширина на зоните за енергетските кабли изнесува 0,7m.

1.1 Директно положување на кабел во земја

Каблите во земја се положуваат во кабелски ров, кој се копа (рачно или машински) како отворен ров, чија димензија зависи од назначениот



слика 2: Машински ископ на ров за полагање на кабел

напон на кабелот, видот на земјата (тлото) како и бројот на каблите кои се положуваат во истиот ров.

Нормална длабочина на ровот (каналот) во кој се положува кабелот изнесува:

- 1,1 m за кабли 35 kV;
- 0,7 m до 0,8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV.

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови за положување (каменито тло).

Во принцип може да се менува дадената ширина на ровот (минимална ширина е 0,4 m) само ако тоа е неопходно од конструктивни, работни или технички причини и причини за сигурност при полагањето.

Исто така мора да се почитува и планираната кота на теренот. Ако заради наведените причини или пречки на трасата, кабелот се положува на помала длабочина, тогаш тој се заштитува механички со заштитни цевки, кабловници и сл.

Кабелот се положува така да биде во средината на слојот на постелицата со дебелина од 0,2 m, која се става на дното од кабелскиот ров. За постелица се користи мешавина на песок кој има добри карактеристики на одведување на топлината. Во случај во кабелскиот ров да има камчиња или слични отпадоци кои можат да го оштетат, тогаш се зголемува дебелината на постелица од песок врз која се става кабелот и врз него се става нов слој од песок со дебелина од 0,35 m.

Енергетскиот кабел се полага рачно или со употреба на механизација.



слика 3: Полагање на кабел од барабан

Полагањето на кабелот во ров обично се прави од барабан кој подвижно е наместен на посебни ногари или специјално возило. Кабелот од барабанот се повлекува рачно.



1. витло со помошно јаже;
2. затезен чорап, стремен и челично јаже;
3. барабан со кабел;
4. кабел;
5. кабелски ролни (макари)

слика 4: Полагање на кабел со помош на витло, макари и затезни чорапи

Влечењето на каблите, при положување, не треба да предизвика линеарно издолжување на проводниците поголемо од дозволеното од 0,2%.

Во зависност од начинот на влечење на каблите, силите со кои е дозволено да се влече кабелот се:

дозволената сила на влечење

1. преку затезен чорап

   $$F = k \cdot D^2 \ (N)$$

   F – сила на влечење,
   k – коефициент (N/mm2), ако не се дадени вредности од производителот k = 1,
   D – надворешен дијаметар на повеќежилен кабел (mm),

2. преку проводниците на кабелот

   $$F = k_1 \cdot S \ (N)$$

   F – сила на влечење,
   k_1 - 30N/mm2 = дозволено напрегање при влечење за Ал-проводници,
   k_1 - 50N/mm2 = дозволено напрегање при влечење за бакарни проводници
   S - вкупен пресек на проводникот за кој се влече кабелот (mm^2).

Затезната сила на влечење се контролира со динамометар, а витлото мора да има граничник (осигурувач) кој го прекинува влечењето во случај да се пречекори дозволената сила на влечење. За смалување на силата на влечење се користат кабелски ролни (цилиндри) кои се поставуваат на растојание од 2 m до 3 m.



Слика 5. Стремен за влечење на кабел



Слика 6. Затезни чорапи за влечење на кабел

Почетокот на кабелот на кој е поставен стремен или затезен чорап се спојува со челично јаже кое се води долж ровот до рачно или моторно витло. Ако долж ровот има остри рабови и кривини, се поставуваат ролни по кои треба да се лизга кабелот. Тие ролни можат да бидат рамни или аголни. Силата на влечење не смее да премине одредена вредност која зависи од видот на кабелот и од неговиот дијаметар. Во текот на полагањето, таа сила се контролира со динамометар. Кога ќе се положи целата должина на кабелот од барабанот, во продолжение се полага друга, а двата краја се спојуваат со спојница.



слика 7: Положување на кабел од возило

Радиусите на свиткување, при положување на енергетските кабли, не смеат да бидат помали од 15D, каде што D е надворешен дијаметар на кабелот (mm).



слика 8: Минимална закривеност R (mm) на кабел при положување

По положувањето на кабелот пред потполно затрупување на кабелот, потребно е да се изврши напонско испитување на кабелот и да се сними вистинската траса на кабелскиот вод.
При заедничко полагање на кабли од среден и низок напон, потребно е да се избере видот на полагање и распоредот на проводниците (на пр. еден над друг) каде што трошоците за земјени работи (ископ, затрупување, доведување во првобитна состојба), изборот на трасата, заштитата на каблите итн. се најмали.
Меѓусебното растојание на енергетските кабли (повеќежилни односно кабелски сноп со три едножилни кабли) во ист ров, се одредува врз основа на струјното оптоварување, но не смее да биде помало од 0,07 m при паралелно водење или 0,2 m при вкрстување.



1 предупредувачка лента;
2 земја набиена во слоеви;
3 поцинкувана трака;
4 пластичен штитник;
5 постелица;
6 НН кабел;
7 СН кабел;

слика 9: Директно положување на повеќе кабли во ист ров

Краевите на кабелот се обележуваат со плочки на кои се испишани основните податоци за кабелот и изводот. Не смее плочки да се стават на жилите од кабелот туку исклучиво на кабелот.



а) на регулирана површина б) на нерегулирана површина

1 предупредувачка лента;
2 земја набиена во слоеви;
3 поцинкувана лента;
4 пластичен штитник;
5 постелица;
6 кабел;

Слика 10: Полагање на кабел во ров на регулирана и нерегулирана површина

а) При положување на кабелот на регулирани површини се поставува една предупредувачка трака на 0,4 m над кабелот;
б) При положување на кабелот на нерегулирани површини се поставува предупредувачка трака 0,5 m;



1 бетонско столпче - ознака;
2 предупредувачка лента;
3 поцинкувана трака;
4 пластичен штитник;
5 кабел;
6 кабелска ознака;

Слика 11: Просторен изглед на кабелски ров со составните елементи

Кабелот во каналот се положува змијолико, при што неговата должината е најмногу за 2% поголема од должината на трасата. Ова особено е важно кога кабелот се положува во мостови (дилатациони места каде што е потребна резерва од кабел од 2%).

За постелица се користи мешавина на песок кој има добри карактеристики за одведување на топлината (голема содржина а кварц) со гранулација до 4 mm

При секое полагање на кабел (за среден или низок напон) по целата должина на ископот (каналот) под предупредувачката лента, се полага поцинкувана трака (40x4 mm). Една поцинкувана трака како заземјувачки вод се полага и кога во исти канал се полагаат повеќе од еден кабел.

За премин преку пат во урбанизирани населби, покрај полагање во кабелски ров се користи и полагање на каблите во цевки под пат.



Слика 12: Пробивање под пат (насочено бушење)

1.2 Кабелска канализација

Кабелска канализација се користи на премините под коловозите на улиците, железничките пруги, колски премини, за воведување на каблите во ТС 110/35(20)/10 kV **,** ТС 10(20)/0,4 kV**,** низ дворови на

зградиде што не можат да се постигнат дозволените растојанија на кабелот во однос на други подземни инсталации итн. Кабелската канализација се изработува од пластични цевки. Над цевките се поставува поцинкувана трака и предупредувачки ленти.

Се користат следниве типови и големини на пластични цевки за кабелска канализација:

а) крута заштитна цевка од PVC:

Номинална големина	Дијаметар		Тежина
Ø mm	надворешен d_n	внатрешен d_v	
	mm	mm	kg/m
75	75,0	70,0	0,74
110	110,0	103,4	1,54
160	160,0	150,6	3,44

Материјал	Материјален број
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=75 mm, L=3m	1010170010001
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=110 mm, L=3m	1010170010002
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=160 mm, L=3m	1010170010003
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=75 mm, L=6m	1010170010004
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=110 mm, L=6m	1010170010005
Цевка за заштита на кабел крута PVC, Ø=160 mm, L=6m	1010170010006

б) двосидна флексибилна заштитна цевка од PE

Номинална големина	Дијаметар		Тежина
Ø mm	надворешен d_n	внатрешен d_v	
	mm	mm	kg/m
90	90,0	75,0	0,512
125	125,0	107,0	0,735
175	175,0	150,0	1,32

Материјал	Материјален број
Цевка за зашт. на кабел PE, двосидна, Ø=90mm,	1010170010007
Цевка за зашт. на кабел PE, двосидна, Ø=125mm,	1010170010008
Цевка за зашт. на кабел PE, двосидна, Ø=175mm,	1010170010009
Семеринг за цевка за заштита на кабел PE, Ø=90	1010170010012
Семеринг за цевка за заштита на кабел PE, Ø=125	1010170010011
Семеринг за цевка за заштита на кабел PE, Ø=175	1010170010010

Минималниот внатрешен дијаметар на цевките мора да биде најмалку 1,5 пати поголем од надворешниот дијаметар на кабелот (трожилниот односно снопот од три едножилни кабли). Внатрешниот ѕид на цевката мора да биде мазен. Ако цевките се продолжуваат, тогаш проширениот крај на цевката мора да биде видлив. Кабелот се провлекува од тој крај.

На следниве слики е прикажан пример за изведување на кабелска канализација со користење на 8 пластични цевки и изглед на три СН-кабли во една цевка.



слика 9: Пример за изведување на кабелска канализација



слика 10: Просторен изглед на пластична цевка со три едножилни кабли

Добра страна на полагање на кабли во цевки е во тоа што кабелот се заштитува од надворешни (механички) оштетувања и доколку се појави